# И З В Е Ш Т А Ј
# ОД МЕДИУМСКОТО ПОКРИВАЊЕ НА
# ПРЕДВРЕМЕНИТЕ ИЗБОРИ ЗА ПРАТЕНИЦИ ВО СОБРАНИЕТО НА РМ
во 2008 година

# И З В Е Ш Т А Ј

**ОД МЕДИУМСКОТО ПОКРИВАЊЕ**
**НА ПРЕДВРЕМЕНИТЕ ИЗБОРИ ЗА ПРАТЕНИЦИ**
**ВО СОБРАНИЕТО НА РМ**
**во 2008 година**

# СОДРЖИНА


1. Предвремените парламентарни избори 2008 ....7
2. Законска основа и регулатива за мониторингот ....9
3. Методолошка поставеност на мониторингот ....10
    3.1. Опфат ....10
    3.2. Предмет на мониторингот ....10
    3.3. Цел на мониторингот ....10
    3.4. Начин на реализација ....11
    3.5. Изборен молк ....11
    3.6. Надворешни соработници ....12
4. Резултати од мониторингот ....13
    4.1. Радиодифузери на државно ниво ....13
        4.1.1. Јавен радиодифузен сервис-Македонска радиотелевизија ....14
            МТВ1 ....14
            МТВ2 Програма на албански јазик ....15
            МТВ2 Програма на турски јазик ....16
            МТВ2 Програма на бошњачки јазик ....17
            МТВ2 Програма на влашки јазик ....17
            МТВ2 Програма на ромски јазик ....18
            МТВ2 Програма на српски јазик ....18
            МРТ (Комплементарен канал) ....18
            МР1 ....18
            МР Програма на албански јазик ....20
            МР Програма на турски јазик ....21
            МР Програма на влашки јазик ....21
            МР Програма на ромски јазик ....21
            МР Програма на српски јазик ....21
            МР Програма на бошњачки јазик ....22
        4.1.2. ТРД – ТВ и РА програмски сервиси ....22
            ТВ А1 ....22
            ТВ Алсат-М ....23
            ТВ Канал 5 ....24
            ТВ Сител ....26
            ТВ Телма ....27
            Радио Антена 5 ....29
            Радио Канал 77 ....29
            Радио Метрополис ....30
    4.2. Радиодифузери на регионално ниво ....30
            Телевизија Амазон ....31
            Телевизија БТР ....31
            Телевизија Едо ....31
            Телевизија Ера ....31
            Телевизија Крт ....32
            Телевизија Скај Нет ....33
            Телевизија Шутел ....33
    4.3. Радиодифузери на локално ниво ....33
            Телевизија Меди – Битола ....34
            Телевизија Тера – Битола ....34
            Телевизија Орбис – Битола ....35
            Телевизија ВТВ – Валандово ....36
            Телевизија Здравкин – Велес ....36
            Телевизија Канал 21 – Велес ....36
            Телевизија Нова – Гевгелија ....37
            Телевизија Дуе – Гостивар ....37
            Телевизија КТВ 41 – Кавадарци ....38
            Телевизија Боем - Кичево ....38
            Телевизија Гурра - Кичево ....38

Телевизија Ускана - Кичево ....38
Телевизија Далга КРТ – Куманово ....38
Телевизија Нова – Куманово ....39
Телевизија Хана – Куманово ....40
Телевизија Феста– Куманово ....40
Телевизија Морис – Охрид ....40
Телевизија НТВ – Охрид ....40
Телевизија ТВМ – Охрид ....41
Телевизија Арт – Тетово ....42
Телевизија Коха – Тетово ....43
Телевизија Кисс – Тетово ....43
Телевизија Менада – Тетово ....44
Телевизија Супер Скај – Тетово ....44
Телевизија Протел - Пробиштип ....44
Телевизија Еми - Радовиш ....44
Телевизија Ко-Бра - Радовиш ....45
Телевизија Свет - Свети Николе ....46
Телевизија Арт Канал – Струга ....46
Телевизија Калтрина – Струга ....46
Телевизија Вис – Струмица ....46
Телевизија Интел – Струмица ....47
Телевизија Жупа - Центар Жупа ....47
Телевизија Ирис - Штип ....47
Телевизија Стар - Штип ....48

5. Изборен молк ....49
6. Прекршувања на регулативата и преземени мерки ....50
7. Заклучни согледувања ....51
8. Прилози ....53
   - Повик за одговорно и праведно покривање на изборната кампања за Предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија во 2008 година ....55
   - Упатство за медиумско претставување за Предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија во 2008 година ....56
   - Упатство за изборниот молк за Предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија во 2008 година ....61
   - Одлука на Советот за радиодифузија Бр. 02-938/1 (за дополнително време за емитување платена политичка програма) ....64
   - Вести ....67
   - Бесплатно претставување ....79
   - Платено политичко рекламирање ....83
   - Преглед на прекршувањата на изборната регулатива по медиуми ....89
   - Преглед на изречените мерки и укажувања ....139
   - Преглед на прекршувањата на изборниот молк ....181

## 1. ПРЕДВРЕМЕНИТЕ ПАРЛАМЕНТАРНИ ИЗБОРИ 2008

Самораспуштањето на Собранието на Република Македонија и распишувањето на Предвремените парламентарни избори во 2008 година, поставија голем предизвик пред Советот за радиодифузија на Република Македонија. Радиодифузното регулаторно тело се соочи со потреба од брзи подготовки на сите активности во врска со правилата и мониторингот на покривањето на изборите од страна на електронските медиуми во Република Македонија, согласно со обврските утврдени во член 37 став 1 точка 4 и член 80 од Законот за радиодифузната дејност („Службен весник на РМ" бр.100/05 и 19/07) и член 74 став 2 од Изборниот законик („Службен весник на РМ" бр.40/2006). Всушност, се отворија низа прашања кои мораше итно да се одговорат, а кои се однесуваа, од една страна, на обезбедувањето соодветна правна регулатива - како основа за постапувањето и на радиодифузерите и на Регулаторното тело – и, од друга страна, на недостигот од финансиски, кадровски и од технички ресурси неопходни за организирање на мониторингот на медиумското покривање на изборната кампања.

Поради неговото самораспуштање, Собранието на Република Македонија не беше во можност да донесе одлука за правилата за рамноправен пристап во медиумското претставување за време на изборната кампања која ја предлага Советот. За да може да се надмине недостигот од вообичаената правна регулатива за медиумското покривање на изборниот процес, Советот донесе Одлука за дополнително време за платеното политичко рекламирање за предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија во 2008 година, Упатство за медиумското претставување за предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија во 2008 година и Упатство за известување во деновите на изборниот молк за предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија во 2008 година.

Мониторингот на електронските медиуми за време на изборната кампања и на изборниот молк, како дефинирани законски обврски, Советот не ќе можеше успешно да ги спроведе во целост, поради тоа што овие активности не беа планирани за 2008 година и на располагање беа ограничени финансиски средства, опрема и персонал. Од оваа причина, Регулаторното тело се обрати до повеќе меѓународни организации и дипломатски претставништва, за кои ценеше дека можат да помогнат за надминување на настанатата ситуација. Беше изработен проект за неопходната опрема, кој беше доставен и одобрен за финансирање од страна на ОБСЕ. Набргу беше извршена набавка на опремата за мониторинг, која беше ставена во употреба на првиот ден од започнувањето на изборната кампања. Надворешните соработници, неопходни за реализација на мониторингот, беа ангажирани со финансиски средства од Фондацијата Институт отворено општество – Македонија.

Непосредно пред почетокот на кампањата, Советот објави Повик за одговорно и праведно покривање на изборната кампања за Предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија во 2008 година, кој го упати до медиумите што ќе решат да ги покриваат изборите, до организаторите на изборната кампања и до органите на власта. Првите ги повика да ги покриваат изборните активности на правичен, избалансиран и непристрасен начин, на организаторите на кампањата да им овозможат подеднакви услови за пристап и да не ги користат програмите што не се директно поврзани со кампањата за влијание врз ставот на гласачите. Вторите - да се воздржат од притисоци и од мешање во работата на новинарите и на другите професионалци вработени во медиумите.

Регулаторното тело за време на изборната кампања заседаваше постојано, ги следеше прекршувањата и изрекуваше мерки. По првите десет дена беше објавен Прелиминарен извештај за медиумско покривање на изборните активности, со заклучоци за балансот во вестите на националните медиуми. Неговата цел беше на медиумите да им даде слика за сопственото работење за да ги исправат евентуалните неправилности.

На јавната седница, одржана на 25.6.2008 година, Советот го разгледа и го усвои „Извештајот од мониторингот на медиумското покривање на Предвремените парламентарни избори 2008 година", кој претставува целосен и сеопфатен извештај за известувањето во вкупната програма посветена на изборите, емитувана од страна на сите медиуми опфатени со мониторингот, во текот на целата кампања и во деновите на изборниот молк.

По сумирањето на податоците за сите анализирани медиуми кои се вклучија во покривањето на кампањата со различни облици на изборно медиумско претставување, Советот констатира дека радиодифузерите, генерално, не успеаја да ги испочитуваат законските обврски за правично, избалансирано и непристрасно покривање на изборите во нивната вкупна програма, а само мал број од нив се придржуваа до принципот на пропорционалност и обезбедија избалансирано известување во вестите и во информативните програми. За констатираните прекршувања на Законот за радиодифузната дејност и за непочитување на Упатството за медиумско претставување, Советот изрече мерки и укажувања, а за прекршувањата на молкот ја извести Агенцијата за електронски комуникации, која согласно со Изборниот законик поведе прекршочни постапки.

Врз основа на смерниците добиени од резултатите од „Извештајот од мониторингот на медиумското покривање на Предвремените парламентарни избори 2008 година“, Советот ќе ги насочи своите претстојни активности кон зголемување на надлежностите за време на изборите преку измени на Законот за радиодифузната дејност, кои се однесуваат на казните што можат да им се изречат на радиодифузерите кои ќе ги прекршат одредбите од Законот. Наедно, Советот ќе продолжи со повеќегодишните заложби за измени на Изборниот законик, кои, од една страна, ќе доведат до усогласување на делот за медиумското покривање на кампањата со Законот за радиодифузната дејност, а, од друга страна, ќе овозможат радиодифузното регулаторно тело да ги изрекува мерките поради повреда на изборниот молк директно, а не преку Агенцијата за електронски комуникации. Сепак, за да се подобри нивото на почитување на правилата и квалитетот во медиумското претставување за време на избори, потребно е вработените во медиумите подобро да се информираат за суштината на правилата кои Советот секогаш ги доставува до медиумите и ги презентира на работилници. Кај одредени медиуми е потребно и повисоко ниво на професионализам, односно да се сфати и прифати фактот дека децата не смеат да се користат во платено политичко рекламирање; дека програмите што не се поврзани со кампањата не треба да се користат за промоција или во функција на кандидатите; дека интервјуто е аналитички новинарски жанр, а не форма на платено политичко рекламирање; како и дека основа на уредувачката политика треба да биде независноста на медиумите, а не одлуката да се поддржат одредени партии или коалиции.

***Зоран Стефаноски,***
***Претседател на Советот***

## 2. ЗАКОНСКА ОСНОВА И РЕГУЛАТИВА ЗА МОНИТОРИНГОТ

Правната рамка за организирање на мониторингот и основата на правилата за медиумското покривање на изборите е дадена во два акта од македонското законодавство - Законот за радиодифузна дејност („Службен весник на РМ" бр.100/05 и 19/07) и Изборниот законик („Службен весник на РМ" бр.40/2006). Поспецифично погледнато, станува збор за член 37 став 1 точки 4 и 5, член 80 и член 95 од Законот за радиодифузна дејност и за членовите од 74 до 77 од Изборниот законик.

Во согласност со член 80 став 5 од Законот за радиодифузната дејност, Собранието на Република Македонија на предлог од Советот за радиодифузија донесува одлука за правилата за медиумско претставување за време на изборна кампања.

Самораспуштањето на Собранието на Република Македонија и распишувањето на Предвремените парламентарни избори за пратеници го постави Советот во ситуација со која не се имаше соочено дотогаш. Имено, пред да престане да функционира, Собранието не донесе одлука за правилата за медиумско претставување за време на изборната кампања преку радиодифузери. Оттаму, Регулаторното радиодифузно тело се потпре на член 37 став 1 точка 5 од Законот, со кој се утврдува дека Советот носи подзаконски акти за примена на Законот со кој се уредуваат условите и начинот на работа во полето на радиодифузијата во Македонија. Така, на 18 април 2008 година, Советот донесе Упатство за медиумско претставување за Предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија во 2008 година („Службен весник на РМ" бр.53/08), кое претставува операционализација на член 80 од Законот за радиодифузната дејност. Упатството ги утврдува условите за пристап до облиците на медиумско претставување, должината на траењето на изборното претставување и принципите за правично, избалансирано и непристрасно покривање на изборите.

Во согласност со член 74 од Изборниот законик, Советот за радиодифузија е должен да ги следи програмите на медиумите за време на изборниот молк и на денот на одржувањето на изборите, и за сите утврдени неправилности веднаш да ја извести Агенцијата за електронски комуникации која треба да поднесе пријави пред надлежниот основен суд за поведување постапка за казниво дело. Со цел да ги дообјасни видовите неправилности што треба да ги констатира, Советот донесе и Упатство за изборниот молк за Предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија во 2008 година („Службен весник на РМ" бр.53/08), со кое, пак, се прецизира начинот на известување за време на изборниот молк и облиците на прекршување на изборниот молк во програмите на радиодифузерите[1].

Двата документа се целосно усогласени со позитивната законска регулатива во Република Македонија. Во нив се транспонирани принципите за заштита на слободата на изразувањето, загарантирана со член 16 од Уставот на Република Македонија и со член 10 од Европската конвенција за човекови права; за правото на јавноста да биде информирана за прашањата од јавен интерес; за уредувачката независност и самостојност на радиодифузерите; за праведното, избалансирано и непристрасно покривање на изборната кампања од страна на радиодифузерите; и за комплементарноста на регулативата со саморегулаторните акти што ги донесуваат самите радиодифузери. Во нивното ткиво се вградени начелата од Конвенцијата за заштита на човековите права и основни слободи на Советот на Европа; Препораката Р(99)15 на Советот на Европа за мерките што се однесуваат на покривањето на изборните кампањи од страна на медиумите; Декларацијата за слобода на политичка дебата во медиумите на Советот на Европа; насоките за известување во време на избори во транзиционите демократии на Артикл 19; експертизите што беа направени на претходните одлуки за медиумско претставување за време на изборните кампањи и, секако, искуствата на Советот од следењето на медиумското покривање на претходните изборни кампањи.

Во согласност со своите законски овластувања, Советот донесе уште еден битен документ со кој ја заокружи изборната регулатива. Станува збор за Одлуката, заснована врз член 95 од Законот за радиодифузна дејност, со која на трговските радиодифузни друштва, кои одлучиле да ги покриваат изборите за време на изборната кампања, им се дозволува да издвојат дополнителни 20% или 12 минути на еден реален час од својата програма, наменети за емитување платена политичка програма, односно платено политичко рекламирање[2].

---

[1] Интегралните текстови на двете упатства се наоѓаат меѓу прилозите поместени на крајот од оваа публикација.
[2] Ibid.

# 3. МЕТОДОЛОШКА ПОСТАВЕНОСТ НА МОНИТОРИНГОТ

## *3.1. Опфат*

Мониторингот на медиумското покривање на кампањата траеше од 11 до 30 мај 2008 година, а набљудување на известувањето за време на изборниот молк беше организирано на 31 мај и на 1 јуни, и на првото прегласување на 14 и на 15 јуни. Поради недостигот од финансиски средства, од соработници и кусиот период за подготовка, со мониторингот беа опфатени сите радиодифузери на државно, а на регионално и локално ниво фокусот беше ставен врз телевизиските програмски сервиси. Кај регионалните и локалните радија се постапуваше по поплаките од организаторите на изборната кампања или граѓаните и другите субјекти.

Првата група радиодифузери – онаа со програмски сервиси кои се следат на територијата на целата држава – беше единствената која опфаќаше и радија и телевизии и тоа од два сектора – јавниот и комерцијалниот. Од Јавниот радиодифузен сервис - МРТ се следеше програмата на три телевизиски програмски сервиси: МТВ1, МТВ2 - Програма на јазиците на етничките заедници (албански, турски, ромски, влашки, српски и бошњачки) и каналот МРТ кој ја користи фреквенцијата на Собранискиот канал и на два радио сервиса: МР1 и Македонско радио програма на јазиците на етничките заедници (албански, турски, ромски, влашки, српски и бошњачки). Кај комерцијалните медиуми предмет на мониторингот беа петте телевизии: А1, Алсат-М, Канал 5, Сител и Телма, и трите радија: Антена 5, Канал 77 и Метрополис.

При преминот од концесии на дозволи (извршен во 2007 година), сите телевизии кои зрачат програма на подрачјето на главниот град Скопје станаа регионални. Оттаму, втората група ги опфаќаше скопските телевизиски програмски сервиси.

Во третата група се наоѓаа 35 комерцијални телевизии на локално ниво, со исклучок на ТВ Аниса од Пласница за која не беше можно навреме да се обезбеди надворешен соработник.

## *3.2. Предмет на мониторингот*

Предмет на мониторингот беше вкупно емитуваната програма на радиодифузерите во периодите утврдени со Концептот за мониторинг на изборите, што го усвои Советот. Сепак, во фокусот на анализата беа облиците на изборно медиумско претставување дефинирани во Упатството за медиумско претставување. Тоа се: вестите, облиците на директен пристап на организаторите на изборна кампања до граѓаните, какви што се бесплатното политичко претставување и платеното политичко рекламирање, и посебните информативни емисии, какви што се интервјуата, дебатите, дуелите, актуелно-информативните емисии и програмите за информирање на граѓаните за начинот и техниката на гласање и за остварување на избирачкото право.

Содржината на програмите на радио и ТВ-станиците беше анализирана од неколку аспекта:

- избалансираноста во информирањето за активностите на организаторите на изборна кампања, врз основа на принципот на пропорционалност според бројот на утврдени листи на кандидати за пратеници (во вестите, актуелно-информативните емисии, дебатните емисии, интервјуата, како и во бесплатното политичко претставување);
- почитување на одредбите од Законот за радиодифузна дејност и Упатството за медиумско претставување во однос на платеното политичко рекламирање;
- почитување на законските одредби во однос на изборниот молк (следено преку сите видови програми).

## *3.3. Цел на мониторингот*

Целта на проектот беше да се следи дали и колку електронските медиуми:

- ќе им овозможат на политичките партии и кандидати подеднакви услови за пристап до сите облици на медиумско претставување за време на изборната кампања;
- ќе обезбедат правично, избалансирано и непристрасно медиумско претставување;
- ќе ги почитуваат правилата за емитување платено политичко рекламирање и, воопшто, правилата утврдени со Законот за радиодифузната дејност, со Изборниот законик и со двете упатства – за медиумско претставување и за известување за време на изборниот молк.

### *3.4. Начин на реализација*

Активностите преземени во текот на мониторингот опфатија снимање, регистрирање и анализа на емитуваните програми на електронските медиуми за време на изборната политичка кампања, компјутерска обработка на податоците, анализа на добиените резултати, извлекување заклучоци и изготвување на извештаи, регистрирање на прекршувањата и изрекување на пропишаните мерки, објавување на извештаите, на заклучоците и на мерките.

Кај телевизиите на државно ниво се анализираше програмата емитувана во периодот од 7 часот наутро до 1 часот по полноќ, а кај радио програмските сервиси периодот од 8 до 24 часот. Се анализираа по две изданија од вестите емитувани меѓу 16 и 24 часот, во кои се концентрирани најмногу информации за изборната кампања. Кај МТВ1 и МТВ2 Програмата на албански јазик, во квантумот анализирани вести дополнително беа опфатени и извештаите за текот на кампањите емитувани во информативната програма насловена „Македонија гласа".

Радиодифузерите на регионално и на локално ниво се анализираа со посебно подготвени прашалници кои ги пополнуваа надворешните соработници. Кај нив се анализираше програмата посветена на изборите, што се емитуваше во периодот од 16 часот до полноќ, со тоа што се следеше едно издание на вестите (централното) емитувано во овој период.

Истражувањето се реализираше преку техниката анализа на содржина, која беше претежно квантитативна и резултираше со егзактни податоци за обемот на облиците на изборното медиумско претставување на сите анализирани медиуми, како и со податоци за застапеноста на организаторите на изборна кампања во секој од нив. Мониторингот имаше и квалитативни аспекти. На пример, при анализата на вестите се водеше сметка за начинот на информирање за активностите на организаторите на изборната кампања, поконкретно дали репортерот ги прекажува зборовите на кандидатите за пратеници или, пак, во прилогот ним им се дава можност директно да се обратат на публиката. Во посебните информативни емисии се анализираше третманот на гостите од страна на водителите, во смисла на тоа дали е еднаков или пристрасен. Политичкото рекламирање се анализираше од аспект на злоупотреба на малолетниците и во однос на обезбедување еднакви услови за пристап на сите субјекти. Сите други програми на радиодифузерите, што не беа директно поврзани со кампањата, се анализираа во однос на тоа дали се во функција на кампањата на некој од кандидатите за пратеници.

Оцените за избалансираноста во медиумското претставување за време на изборната кампања на радиодифузерите се извлекувани врз основа на почитувањето на принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи во изборните единици. Практично кажано, ова значи дека:

- во вестите, доколку медиумот одлучил да ги следи активностите на организаторите на изборна кампања со листи во четири, пет и во шест изборни единици, тогаш тој треба да информира за сите. Притоа, приближно исто време треба да добијат партиите/коалициите со шест изборни листи, кои имаат сличен интензитет на кампањата, потоа оние со пет листи и приближен интензитет на кампања итн. Од извлекувањето на оцената е изземена Социјалдемократската партија на Македонија (СДПМ), која имаше листи во шест изборни единици, а за која, како што покажа мониторингот, не известил ниту еден медиум;
- како елемент во оцените за вестите, што дава извесна информација за квалитетот на известувањето, е земено предвид и користењето на директното обраќање, т.е. употребата на тонски парчиња од говорите на кандидатите во новинарските прилози;
- при носењето на оцената за избалансираноста во вестите немаа влијание прилозите за централната власт, бидејќи се земаа предвид само активностите во рамките на кампањите. Меѓутоа, сите прилози за активностите на власта поврзани со изборите, беа следени и може да се забележи дека за нив издвоија значително време: МТВ1 (2:18:12), МТВ2 Програма на албански јазик (2:21:11), МР1 (1:58:34), Сител (1:27:35) и Канал 5 (1:4:32);
- кај дебатите, интервјуата и информативната програма, при оценување на избалансираноста земани се предвид само оние емисии кои се реализирани со претставници на организаторите на изборна кампања. Притоа, доколку медиумот интервјуирал претставник на еден организатор со листи во шест изборни единици, тогаш, за да го почитува принципот на пропорционалност, требаше да интервјуира претставници на сите организатори со листи во шест изборни единици.

### *3.5. Изборен молк*

За време на изборниот молк (31 мај 2008 година од 0 до 19 часот на 1 јуни 2008 година и на 14 јуни 2008 година од 0 до 19 часот на 15 јуни 2008 година) се снимаа и набљудуваа програмите на медиумите од примерокот. За радиодифузерите (и за надворешните соработници) беше изготвено Упатство за тоа што се смета за прекршување на изборниот молк. За сите забележани такви ситуации Советот веднаш обезбедуваше аудио/видеоснимка од материјалот и ја информираше Агенцијата за

електронски комуникации, која, согласно со Изборниот законик, треба пред надлежниот суд да поведе прекршочна постапка поради непочитување на молкот.

### *3.6. Надворешни соработници*

За потребите на овој мониторинг беа ангажирани педесетина надворешни соработници, кои задолжително мораа да исполнат неколку услови: да имаат завршено најмалку средно образование, да не се членови на политичка партија, да не се вработени во електронски медиум и да поседуваат опрема за аудио/видеоснимање на програмите. Обуката на избраните соработници се реализираше на 8 и на 9 мај 2008 година.

# 4. РЕЗУЛТАТИ ОД МОНИТОРИНГОТ

## *4.1. Радиодифузери на државно ниво*

Од радиодифузерите на државно ниво информации за изборите во **вестите** емитуваа сите, освен радијата Метрополис и Антена 5 (кои емитуваа куси агенциски вести). Анализирани се по две изданија од вестите - централното и уште едно во кое е концентриран поголем обем на информации за изборите, а беше емитувано во ударното време. Кај МТВ1 и МТВ2 Програма на албански јазик, во времето за вестите дополнително беа опфатени и извештаите за текот на кампањите емитувани во информативната програма насловена со „Македонија гласа". Според податоците, за изборите најмногу известуваше првиот телевизиски сервис на МРТ – МТВ1 со 20 часа 3 минути и 46 секунди. Од комерцијалните медиуми најголем обем информации за изборите во вестите имаше Алсат-М, 10 часа 26 минути и 43 секунди.

Канал 77 треба да се издвои како медиум кој во **вестите** беше најблиску до остварување на принципот на пропорционалност, согласно со бројот на потврдени листи со кандидати за пратеници, и според бројот на опфатени субјекти и според дистрибуцијата на времето меѓу субјектите. Македонско радио и МТВ 1, исто така, имаа голем опфат на субјекти, меѓутоа во дистрибуцијата на времето покажаа неизбалансираност во полза на Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ. Покарактеристични примери за неизбалансираност во вестите има кај ТВ Сител - во полза на Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ и кај МТВ2 Програма на албански јазик – во корист на ДПА.

**Интервјуа** со предизборна содржина емитуваа јавниот сервис на МТВ1, МТВ2 програми на албански, на турски, на влашки и на ромски јазик, како и на МР1 и трговските телевизиски сервиси на државно ниво. Специфичен е примерот на А1 телевизија, каде што интервјуата имаат посреден политичко-изборен контекст. Ниту еден од националните радиодифузери што емитуваа интервјуа не обезбеди баланс во презентирањето на политичките опции.

**Дебатни емисии** од радиодифузерите на државно ниво организираа МТВ1, МТВ2 Програма на албански јазик, МР1, МР Програма на албански јазик, Телма, Алсат - М и Канал 77. Избалансираност обезбеди само МТВ1.

Дел од медиумите на државно ниво (МТВ1, МТВ2 Програма на албански јазик, МР1, МР Програма на албански јазик, А1, Канал 5, Сител и Канал 77) емитуваа и **други информативни програми/прилози** во кои тема беа изборите.

Можност за **бесплатно политичко претставување** на организаторите на изборна кампања од радиодифузерите на државно ниво овозможи Јавниот радиодифузен сервис, кому тоа му е и законска обврска. Притоа, на првиот телевизиски програмски сервис (МТВ1), на каналот МРТ и на Македонско радио Прва програма (МР1) беше обезбеден баланс во согласност со принципот на пропорционалност, но тоа не беше сторено и на телевизиските програми на бошњачки и на влашки јазик, како и на ТВ и радио програмата на српски јазик. Ова е, сепак, разбирливо, имајќи предвид дека редакциите на овие програми имаат малку медиумско време и решиле да ги претстават само кандидатите за пратеници од односната етничка заедница[3].

**Платено политичко рекламирање** емитуваа сите радиодифузери на државно ниво, со исклучок на МРТ на која и е забрането тоа. Мониторингот ги бележеше објавените огласи, соопштенија, политички изборни спотови, музички спотови што функционираа како химни на организаторите на изборна кампања, преноси или снимки од митинзи, средби и други настапи на организаторите на изборна кампања. Најголем обем политичко рекламирање е емитувано на ТВ Канал 5 (25 часа 45 минути и 46 секунди), а потоа на ТВ А1 (23 часа 43 минути и 31 секунда)[4].

[3] Повеќе квантитативни детали за бесплатното политичко претставување на програмските сервиси на МРТ можат да се најдат во прилозите на овој извештај.

[4] Табела со детален приказ на распоредот на објавеното платено политичко рекламирање се наоѓа меѓу прилозите на овој извештај.

### *4.1.1. Јавен радиодифузен сервис – МРТ*

**Македонска телевизија - Прва програма (МТВ1)**




**Вести**: МТВ1 е еден од двата програмски сервиса кои известуваа за кампањите на сите партии/коалиции со потврдени изборни листи во пет и во шест изборни единици (СДПМ е исклучена од погореобјаснети причини), а има и еден извештај за ВМРО-ДП. Меѓутоа, распределбата на времето во прилозите покажува неизбалансираност, бидејќи се одвоени речиси два часа повеќе за прилозите на Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ (6:2:13) отколку за Коалицијата „Сонце" (4:4:8). Првата Коалиција доби и речиси еден час повеќе време за директно обраќање. Треба да се забележи и тоа дека прилозите за активностите на власта поврзани со изборите, зафаќаат 2:18:12 од времето поврзано со изборите во вестите.




**Дебати**: Организирани се пет дебатни емисии со широк плурален спектар политички опции на Парламентарните избори 2008 година. Всушност, МТВ 1 го испочитува принципот на пропорционалност од Упатството при покривање на политичката кампања, кој и самата навремено го најави во

сопствениот Правилник. Во дебатните емисии беше поканет по еден претставник од сите политички партии и коалиции со кандидатски листи во најмалку 5 изборни единици. Две соочувања беа насловени едноставно како „Дебатна емисија” и според тоа го следеа класичниот полемички терк на предизборна дебата, а преостанатите три беа организирани во емисијата „Македонија гласа”, во која еднакво беа застапени различни политички опции, но едно нејзино издание за гости ги има само Зоран Петров (Коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ) и Оливер Спасовски (Коалиција „Сонце”).

**Интервју**: „Македонија гласа” и „Гласот на народот” - тоа се двете информативни програми во чии рамки се емитувани вкупно 10 премиерни интервјуа (со пет репризи) со претставници на актуелната политичка сцена, но и со академски експерти или со аналитичари на изборниот процес. Кај интервјуата реализирани со учесниците во кампањата не е почитуван принципот на избалансираност, бидејќи се поканети тројца претставници на Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ и еден на Коалицијата „Сонце”. Во „Гласот на народот” својот политички став го образложија: Никола Груевски, премиер на државата (со две репризи), Владимир Ѓорчев, носител на листа од ВМРО-ДПМНЕ и Владимир Божиновски, политички аналитичар од Институтот за демократија. Во „Македонија гласа”, по повод најразлични аспекти на темата Парламентарни избори 2008 година, гостуваат: Радмила Шеќеринска, лидерка на СДСМ и на Коалицијата „Сонце”, д-р Борче Давитковски и д-р Ѓорѓи Иванов, професори на Правниот факултет при УКИМ, Александар Даштевски, претставник на ДИК, Мирјана Димовска, претседателка на Државната комисија за спречување на корупцијата, Даниела Димитровска, претставничка на НВО „Македонско женско лоби” и Гордана Јанкуловска, министерка за внатрешни работи.

**Други информативни емисии**: Теми за ораторско-полемичко соочување непосредно произлезени од актуелноста на изборната кампања, бележиме и во две изданија на „Пирамида”. Во едно издание на „Аграр”, специјализирана информативна емисија за земјоделие, меѓу низата соговорници мониторингот ги бележи на различни начини и владините министри поврзани со овој стопански ресор: Ацо Спасеноски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, Војо Гоговски, државен советник за лов и шумарство, Круме Ефремов, претставник од Министерството за економија и Трајко Славевски, министер за финансии.

**Бесплатно политичко претставување**: МТВ 1 одвои 4:13:8 од програмата за да им обезбеди на сите опции присутни на изборите директно да ги претстават своите програми и ветувања пред гласачите. Секоја партија/коалиција доби време – пропорционално на бројот на своите потврдени листи со кандидати за пратеници, почнувајќи од 20 минути за оние со шест, па до 5 минути за оние со 1 листа.

**МТВ 2 Програма на албански јазик**




**Вести**: Најкарактеристичен пример за неизбалансираност во вестите е забележан кај Програмата на албански јазик на МТВ2. Овој програмски сервис ги следеше активностите на сите политички партии на Албанците во Македонија и на двете најголеми коалиции. Притоа, покажа драстична неизбалансираност отстапувајќи околу пет часа повеќе за активностите на ДПА отколку за кој било друг субјект. Соодносот на ДУИ и на ДПА, пак, во однос на застапеноста беше 1 час и 58

минути за ДУИ наспроти 7 часа и 11 минути за ДПА. Претставниците на ДПА добија и околу три часа подолго време за директните обраќања до публиката, односно директното обраќање беше 55 минути за ДУИ, а 4 часа и 31 минута за ДПА. Прилозите за активностите на власта, поврзани со изборите, претставуваат 2:21:11 од вкупното време поврзано со изборите во вестите.




**Дебати**: Реализирани се шест дебатни емисии, насловени како „Отворено студио”, во кои учествуваа само претставници на сите релевантни политички опции на Албанците во Република Македонија. Редакцијата на албански јазик на МТВ се раководеше од принципот на јазичните преференци на својата публика и не го испочитува член 3 од Упатството, кој предвидува дека „радиодифузерите, без оглед на јазикот на кој го емитуваат својот програмски сервис, се должни, за време на изборната кампања на организаторите на кампањата да им овозможат подеднакви услови за пристап до сите облици на изборно медиумско претставување” и тоа во согласност со принципот на пропорционалност.

**Интервју**: Оваа редакција ја следеше истата уредувачка одлука и кај осумте интервјуа, главно во емисијата „Универзитетска дебата”, каде што еден соговорник покрај на прашањата од водителот, одговара и на прашања од публиката во студиото. Разговорите беа презентација на политичките ветувања на лидерите на албанските политички партии со исклучок на ДУИ.

**Информативни емисии за избори**: Емитувани се и две информативни емисии: едната е преземена од албанскиот „Топ канал”, чија главна тема е „Политичките избори во Република Македонија”, а другата информативна емисија (со една реприза), всушност, е издание на „Отворено студио” во кое гостуваат претставници на дипломатскиот кор и на евроемисарите во државава.

## МТВ2 Програма на турски јазик

**Вести**: Во вестите на турски јазик се информираше за активностите на пет од можните десет организатори со листи во пет и шест изборни единици. Приближно време добија Движењето за национално единство на Турците (1:16:8) и Коалицијата предводена од ВМРО- ДПМНЕ (1:38:28) во чии редови се наоѓа и Демократската партија на Турците на Македонија.
Сепак, со околу еден час зад нив заостануваат извештаите за Коалицијата „Сонце” (0:32:47), која имаше кампања со сличен интензитет како и Коалицијата предводена од „ВМРО- ДПМНЕ”, поради што може да се зборува за одредена неизбалансираност во вестите.




**Интервју**: И оваа Редакција на МТВ при планирањето на интервјуата, не се раководела од принципите на еднакви услови за пристап и пропорционалност од Упатството, туку од јазичните преференции на својата публика. Има две интервјуа реализирани на самиот крај од предизборната кампања: најпрво, Ердоган Сарач и Менсур Матјан, претставници од Движењето за национално единство на Турците, ги образложуваат причините за самостоен настап во изборниот процес, а потоа Кенан Хасип, лидер на Демократската партија на Турците, објаснува зошто се решил да ѝсе приклучи на Коалицијата предводена од ВМРО- ДПМНЕ.

### МТВ2 Програма на бошњачки јазик

**Дневно-информативни емисии**: За време на изборната кампања се емитувани куси информации во врска со изборниот процес. Нивното времетраење е мало за да можат да се извлечат оцени за начинот на известување.

**Бесплатно политичко претставување**: Пред самиот крај на кампањата, во вестите „Сехара", Авдија Пепиќ, претседател на СДА (дел од Коалицијата предводена од ВМРО- ДПМНЕ), доби 8 минути и 13 секунди бесплатно политичко претставување.

### МТВ2 Програма на влашки јазик

**Дневно-информативни емисии**: Сите информации за изборната кампања низ различни новинарски жанрови ги бележиме во рамките на емисијата „Искра", а емитувани се вкупно 2 часа и 35 минути. Од тоа време, 1 час и 56 минути, низ различни новинарски жанрови се отстапени за активностите на ВМРО-ДПМНЕ и на нејзините коалициски партнери, а само 27 минути за Коалцијата „Сонце" предводена од СДСМ. По 2 минути информативен простор во вестите за изборната кампања добија најголемите албански партии - ДУИ и ДПА.

**Интервјуа**: Две интервјуа емитувани во информативната емисија „Искра". Едното со времетраење од 22 минути и 58 секунди со Никола Бабовски, претседател на Демократската унија на Власите, која коалицираше со „Сонце", а другото со времетраење од 25 минути и 25 секунди со Митко Костов, претседател на Партијата на Власите, која им се приклучи на партиите од Коалицијата „За подобра Македонија".

**Бесплатно политичко претставување**: Во вестите „Искра" се емитувани и две бесплатни претставувања – на Анита Кипаризовска од Коалицијата предводена од ВМРО- ДПМНЕ (8 минути и 4 секунди) и на Никола Бабовски од Коалицијата "Сонце" (10 минути и 4 секунди).

**МТВ2 Програма на ромски јазик**

**Дневно-информативни емисии**: Сите информации за предизборната кампања (3 часа и 17 минути) се емитувани во редовниот термин за вестите на ромски јазик. Минутажата за класичните вести опфаќа 20 минути и 30 секунди за активностите на ВМРО-ДПМНЕ и нејзината Коалиција „За подобра Македонија", а за активностите на СДСМ и нејзината Коалиција „Сонце" се отстапени 5 минути и 34 секунди.

**Интервјуа**: Четири интервјуа, со вкупно времетраење од 47 минути и 17 секунди само со претставници на ромската политичка заедница и тоа, пред сé, од партиите кои коалицираа со ВМРО-ДПМНЕ.

**МТВ2 Програма на српски јазик**

**Дневно-информативни емисии**: Емитувано е вкупно информативно време од 1 час и 8 минути за изборната кампања, и тоа во рамките на информативната програма „Видик", во чиј состав влегува ситна минутажа елементарни информации за предизборните активности.

**Бесплатно политичко претставување**: Во „Видик" се емитувани две бесплатни претставувања на кандидати за пратеници од српска етничка припадност, кои беа дел од Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ (Драган Недељковиќ – 8 минути и 57 секунди и Иван Стоиљковиќ – 8 минути и 48 секунди) и три претставувања на кандидати од Радикалната странка на Србите во Македонија (Раде Величковиќ – 9 минути и 55 секунди, Војислав Киранџиќ – 4 минути и 54 секунди и Обрад Стојановиќ – 4 минути и 12 секунди).

**Канал МРТ**

**Информативни емисии за изборите**: Во периодот на мониторингот од 11 до 30 мај, додека траеше изборната кампања, забележани се 12 изданија (некои од нив и репризирани) на емисијата „Гласот на народот". Според структурата на гостите, може да се каже дека темата на годинашните Парламентарни избори доби најширок можен третман, значи јавно и преку непосреден контакт со публиката беа изнесени не само стриктно партиско-политички опсервации, туку и социолошки, политиколошки и историски согледби за општиот предизборен контекст. Едно издание беше реализирано како дебата на претставници од дипломатскиот кор во Република Македонија, кои изборниот процес го третираа како квалитет на политичката култура нужен за интегративните евроатлантски процеси во државата.

**Бесплатно политичко претставување**: Од 16 до 22 мај се репризирани сите бесплатни политички претставувања што ги реализираше Првата програма на Македонската телевизија (4:10:40).

**Македонско радио Прва програма (МР1)**

**Вести**: Овој програмски сервис известуваше за кампањите на сите партии/коалиции со потврдени изборни листи во пет и во шест изборни единици. Поместување во рамнотежата на времето од речиси еден час е забележано во корист на Коалицијата предводена од ВМРО- ДПМНЕ (3:16:47) во однос на Коалицијата „Сонце" (2:17:53).




Одредена неизбалансираност во вестите е оцената која може да се извлече за овој програмски сервис, имајќи ја предвид распореденоста на времето, што не се одразува врз употребата на директното обраќање. Важно е да се прибележи дека прилозите за активностите на власта поврзани со изборите се застапени во вестите на овој програмски сервис со 1:58:34.




**Дебати**: Како што беше најавено и во Правилникот за покривање на парламентарните избори, беа организирани четири дебати. Во рамките на емисијата „Живот во живо“, во три дебати гостуваа различни политички опции со пријавени кандидатски листи во пет и шест изборни единици, а се соочија на суштински, општествено-политички теми: надворешна политика, внатрешна политика и безбедност, економска политика, наука, образование и култура. Водителот, кога информираше дека претставниците од некои од партиите не се одзвале на поканата, не беше секогаш прецизен, поради што не може да се извлече цврста оцена во врска со избалансираноста. Четвртата дебатна емисија во „Радио спектар” беше организирана како соочување на експертските ставови во врска со (не)принципиелноста на изборната кампања.

**Интервју**: Две од вкупно трите интервјуа, што ги направи информативната редакција на Македонското радио во текот на изборната кампања, беа посветени на експертските ставови во врска

со медиумското покривање на изборите или во врска со рејтингот и предизборните ветувања на актуелните политички опции. Третото интервју е направено со државниот секретар Миновски, претставник од Министерството за труд и социјална политика, и е во функција на кампањата.

**Информативни прилози за изборите**: Во поситната информативна минутажа ги бележиме и апелирањата на државниот врв и на евроемисарите во Република Македонија - изборната кампања да се врати во рамките на демократскиот курс по инцидентите што се случија во предизборието. Информативната редакција од Првата програма на Македонското радио отстапи и време за директен пренос од отворањето на спортската сала „Борис Трајковски", проследено со поздравните говори на актуелни носители на државната власт. Ова е, исто така, содржина во функција на изборната кампања.

**Бесплатно политичко претставување**: Првата програма на Македонското радио им овозможи на сите партии/коалиции на изборите да се претстават директно пред публиката. Времето од 4:0:50 беше распределено меѓу политичките соперници пропорционално со бројот на нивните потврдени листи со кандидати за пратеници (од 20 до 5 минути).

## МР Програма на албански јазик

**Вести**: Овој програмски сервис емитуваше извештаи од кампањите на сите албански политички партии и на двете најголеми коалиции – онаа предводена од ВМРО-ДПМНЕ и од Коалицијата „Сонце".




И овде за вестите важи оцената за одредена неизбалансираност, бидејќи времето определено за ДПА (1:45:58) е малку подолго отколку за ДУИ (1:9:7). Ова не важи за директното обраќање.




**Дебати**: При крајот на изборната кампања беше организирана една дебата, на која беа поканети сите политички партии од албанскиот политички блок, иако своето отсуство го оправдуваат

претставниците на ПДП и на ДУА. Темата за дебатата беше „Семејниот живот и здравјето", а во дебатата се вклучија компетентни медицински лица - членови на некои од споменатите политички партии.

**Интервју**: Емитувано е едно интервју со Субхи Јакупи, заменик - претседател на ДИК. Во ова десетминутно интервју, Јакупи ги објаснува севкупните ингеренции на ДИК во изборниот процес.

**МР Програма на турски јазик**

**Вести**: Информациите во вестите се однесуваат на активностите на осум од можни дванаесет организатори со листи во три, пет и во шест изборни единици. Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ, во чии рамки спаѓаат и Демократската партија на Турците на
Македонија, доби околу еден час повеќе (1:25:45) отколку Движењето за национално единство на Турците (0:24:52) и четириесетина минути повеќе од Коалицијата „Сонце" (0:43:34), поради што може да се говори за неизбалансираност во вестите.




**МР Програма на влашки јазик**

**Дневно-информативни емисии**: Само 39 минути вкупно информативно време за изборната кампања, во чиј состав влегува ситна минутажа елементарни информации за предизборните активности, и затоа не можат да се извлекуваат оцени за начинот на известување.

**МР Програма на ромски јазик**

**Дневно-информативни емисии**: Незначителна информативна минутажа во чиј состав влегуваат елементарни информации за предизборните активности. Не може да се оценува начинот на известување.

**МР Програма на српски јазик**

**Дневно-информативни емисии**: Има 48 минути вкупно информативно време за избораната кампања во чиј состав влегува ситна минутажа од елементарни информации за предизборните активности.

**Бесплатно политичко претставување**: Редакцијата реши на своите слушатели, преку бесплатно претставување од вкупно 34 минути и 38 секунди, да им ги претстави кандидатите за пратеници Драган Недељковиќ и Иван Стоиљковиќ од Демократската партија на Србите во РМ (дел од Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ), и Ване Величковиќ и Сретен Пауновиќ од Радикалната странка на Србите во Македонија.

**МР Програма на бошњачки јазик**

**Дневно-информативни емисии**: За време на изборната кампања се емитувани куси информации во врска со изборниот процес, затоа не може да се оценува начинот на известување.

### *4.1.2. ТРД - ТВ и РА-програмски сервиси*

**ТВ А1**




**Вести**: Телевизијата информираше за активностите на шест организатори на изборна кампања, при што покажа избалансираност, бидејќи времето го распредели мошне воедначено меѓу партиите/коалициите со сличен интензитет на кампања. Оцената важи и за директните обраќања.




**Интервјуа**: Не се реализирани интервјуа со политичари кои се вклучени непосредно во изборната кампања. Забележани се две интервјуа со посреден политички контекст, но едното во функција на

непосредна предизборна агитација: во „Бисери”, емисија која варира според жанрот и според тематиката, интервју (плус една реприза) со Ивица Ѓорѓиевски, директор на Агенцијата за млади и спорт. Во издание на актуелно-информативната емисија „Со Чом” е емитуван разговор со м-р Радмила Ристевска од Центарот за креирање политики. Советот за радиодифузија процени дека ТВ А1 преку интервјуто со Ивица Ѓорѓиевски во говорната шоу- програма „Бисери” го прекрши член 6 од Упатството за медиумско претставување за предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија во 2008 година. Согласно со овој член, за време на изборната кампања учеството на организаторите на изборна кампања, на претставниците на органите на власта и на сите други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во радио и телевизиските програми што не се поврзани со изборите, не смее да биде во функција на кампањата.

**Друга информативна програма**: Критички новинарски пристап за разни аспекти од изборниот процес: финансирањето на политичките партии, политичкиот маркетинг или влијанието на реалната политика врз одредени региони во Македонија, понуди емисијата „Код”, ефикасно екипирана за новинарска работа и на терен и во студио, како пожелна професионална практика што е белег на актуелно-информативните емисии со документаристички пристап.

Мала минутажа за неформалната страна на политичкиот живот е забележана дури и во тривијалната новинарска љубопитност на емисијата „Ексклузив”.

Неколку изданија на емисијата „Фармер”, која вообичаено е класифицирана како информативно-специјализирана за темата земјоделие, беа ставени во функција на про-владината политика во однос на овој стопански ресор. Имено, во оваа емисија се појавија низа претставници на државната власт, или како соговорници или, пак, преку снимени изјави од нивни јавни настапи. Поради ова, Советот за радиодифузија процени дека ТВ А1 постапи спротивно на член 6 од Упатството за медиумско претставување за предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија во 2008 година.

**Платено политичко рекламирање:** А1, во деновите на кампањата, емитуваше политичко рекламирање со времетраење од 23 часа 43 минути и 31 секунда. Најголем дел од времето беше на Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ (9:5:26), потоа на Коалицијата „Сонце” (6:49:16), па на ПЕИ (3:11:10). Свое платено време за политичко претставување на оваа телевизија имаа и ДПА, ДУИ, тогашниот министер за одбрана Лазар Еленовски и околу половина час политички спотови чиј нарачател не е означен, а претставуваат антикампања насочена против некои од партиите/коалициите.

## ТВ Алсат-М

**Вести**: Програмскиот сервис известуваше за активностите на сите партии од албанскиот и за двете најголеми коалиции во македонскиот политички корпус. Во распоредот на времето благо натежнуваат времињата за ДУИ (2:22:53) во однос на ДПА (1:47:10) и за Коалицијата „Сонце” (1:0:4) наспроти Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ (0:36:18).




Ова не се одразува значително врз директното обраќање. Кај вестите на овој телевизиски сервис може да се зборува за одредена неизбалансираност.




**Дебати**: Во својот Правилник за медиумско покривање на парламентарните избори, ТВ Алсат-М најави дека ќе ја следи предизборната активност на сите политички опции кои ќе организираат кампања во четири, пет и во шест изборни единици. Меѓутоа, до тоа правило, всушност, до принципот на пропорционалност, не се придржуваше во трите класични дебатни емисии (секоја одделно репризирана по два пати), затоа што соочување им овозможи на двете најголеми партии и од албанскиот и од македонскиот политички блок: ДУИ и ДПА, и ВМРО- ДПМНЕ и СДСМ, а во една дебатна емисија беа поканети и учествуваа претставници на ПДП и на ПЕИ. Жанровски помеѓу дебата и интервју - колеблив е третманот на изданието на емисијата „Патот кон ...” од 29 мај, во кое Радмила Шеќеринска, лидерка на Коалицијата „Сонце”, ги проверува своите политички тези преку соочување со новинарите Бранко Геровски, уредник на „Шпиц” и со Исуф Кадриу, македонски дописник за „Радио Слободна Европа”.

**Интервју**: Релевантни чинители на актуелната македонска политичка сцена, вклучително и претставници на дипломатскиот кор и на евроемисарите во Македонија, како и експерти и аналитичари на изборниот процес, ги презентираа своите политички ставови низ шеснаесет интервјуа (со репризите на некои од нив - 26). Интервјуата беа метод на новинарска работа во оригиналната телевизиска продукција на Алсат-М: „Отворено студио”, „Патот кон...” и „Специјал”, како и во купените медиумски продукти на „Евро зум” и на „Радио Слободна Европа”. Од политичките партии/коалиции кои на овие избори се натпреваруваа за место во македонскиот парламент, своите ветувања преку интервју на Алсат-М ги презентираа: Коалицијата предводена од СДСМ, ДПА, ПДП, НДУ, ДУА, Партијата на слободните демократи и Пецо Груевски – односно, телевизијата направи широк зафат при изборот на гостите, но при презентирањето на партиите/коалициите и нивните политички ставови не го почитуваше принципот на пропорционалност.

**Информативни емисии за избори**: Три изданија (секое со по една реприза) на актуелно информативните емисии: „Евро зум”, „Економски магазин” и „Евро магазин”, отвораат простор за новинарска и за експертска аналитика која на Парламентарните избори во 2008 година им приоѓа од поширока, општо-општествена гледна точка и се обидува да ги предвиди и да ги прогнозира економските и политичките консеквенци од изборниот процес.

**Платено политичко рекламирање:** Два часа и три и пол минути е делот од програмата на оваа телевизија издвоен за платено политичко рекламирање за ДУИ, Коалицијата „Сонце”, ДУА и околу десетина минути спотови без јасно означен нарачател.

**ТВ Канал 5**

**Вести**: Телевизијата ги следеше кампањите на двете најголеми коалиции во македонскиот блок (1:41:52 за Коалицијата „Сонце” и 1:27:17 за Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ) и двете во албанскиот партиски блок (1:10:27 за ДУИ и 0:53:33 за ДПА) и даде кус извештај (триесетина секунди) за независниот кандидат Пецо Груевски.




Времето е распоредено со внимание и во прилозите и во директното обраќање, и може да се заклучи дека известувањето во вестите, од овој аспект, беше избалансирано. Во вестите на оваа телевизија, се присутни прилозите за активностите на власта поврзани со изборите се присутни со време од 1:4:32.




**Дебати**: И покрај повеќекратните обиди на некои новинари-водители на авторски информативни емисии, не беа реализирани дебати, а пропадна и обидот да се реализира дуел/соочување помеѓу Никола Груевски и Радмила Шеќеринска, двајцата лидери на најголемите политички коалиции од македонскиот политички блок.

**Интервју**: Телевизијата премиерно емитуваше девет политички интервјуа (со повеќе репризи). Реализирани се во различни авторски емисии, па дури и во оние чијшто континуитет на досегашната телевизиска продукција, жанровски и тематски никогаш не ги класифицирал како емисии со интерес за сферата, политика. На тој начин, од својата жанровско-тематска ситуираност за време на изборната кампања излегоа: „Вртелешка", со двете (по еднаш и репризирани) интервјуа: Радмила Шеќеринска и Никола Груевски, потоа - „Лејт најт шоу", со интервјуата на: Гордана Јанкуловска, министерка за внатрешни работи, и Зоран Ставревски, вицепремиер и носител на листа во Изборната единица бр. 4.

Другите интервјуа добија очекуван политички контекст во рамките на информативните програми. Така, во емисијата „Х/О" гостуваа: Радмила Шеќеринска (со една реприза) и Никола Груевски (со една реприза), во „Евро зум" - Александар Даштевски од ДИК, и двете интервјуа во рамките на минутите за „Радио Слободна Европа" - со Радмила Шеќеринска и со Зоран Ставревски. Во интервјуа посредно поврзани со изборната кампања се вбројува и разговорот со Стојанче Ангелов, претседател на „Достоинство", здружение на македонските војници бранители од конфликтот во 2001 година, кој беше гостин во утринската емисија „Здраво Македонијо". Кај интервјуата не е земен предвид принципот на пропорционалност бидејќи беа присутни само двете најголеми политички коалиции од македонскиот политички блок. Исто така, поради интервјуто со Гордана Јанкуловска, министерка за внатрешни работи, емитувано во говорната шоу-програма „Лејт најт шоу", и поради интервјуата со премиерот Никола Груевски и со Радмила Шеќеринска, лидерка на Коалицијата „Сонце", Советот за радиодифузија процени дека е прекршен член 6 од Упатството за медиумско

претставување за предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија во 2008 година.

**Информативни емисии за избори**: „Зевзекманија”, забавно-информативна програма, и „Во центар”, актуелно информативна програма со документаристички пристап, - тоа се двете (претежно) информативни програми во кои преку различен новинарски третман најдоа место актуелни теми од предизборието. „Зевзекманија”, всушност, ја пародираше препознаената политичка лага во изборните кампањи, а „Во центар” ги анализираше парламентарните избори преку соочување ставови на новинари од различни македонски медиуми и од претставници на политички партии со помало политичко влијание. Ситна минутажа за парламентарните избори, главно од важни вести кои циркулираат и во изданијата на Дневникот на Канал 5, се појавија и во утринската програма "Здраво Македонијо".

**Платено политичко рекламирање:** Најмногу платено политичко рекламирање е емитувано на Канал 5 – 25 часа 45 минути и 46 секунди. Доминантен удел во ова време има Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ (19:57:57), помал дел има Коалицијата „Сонце” (5:5:20), а присутни се и спотови за ДУИ, ДПА, за Лазар Еленовски и без означен нарачател.

## ТВ Сител

**Вести**: Извештаите емитувани во вестите на Сител се однесуваат на седум организатори на изборна кампања – шест од нив имаат листи во четири, пет и шест изборни единици, а еден во една изборна единица. Од аспект на времето што им е доделено, прилозите за Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ (2:6:15) траат околу еден час и 20 минути повеќе отколку оние за Коалицијата „Сонце” (0:42:36).




Ваквата неизбалансираност при известувањето во вестите се рефлектира и врз директното обраќање, затоа што кандидатите од Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ имаат добиено еден час и 16 минути телевизиско време за да бидат директно чуени од публиката, додека ваквата можност за оние од Коалицијата „Сонце” трае 42 минути и 36 секунди. Исто така, времетраењето на прилозите за активностите на власта поврзани со изборите, сочинуваат 1:27:35 од времето на прилозите за избори.




**Интервју**: Емитувано е едно интервју со Имер Селмани, тогашен министер за здравство. Разговорот се водеше како класичен пример за протоколарно интервју, односно не содржи ниту најмал новинарски напор за критички пристап кон главната тема: промени во здравството и нивната општо општествена полза.

Во рамките, пак, на емисијата „Спортско студио", во која обично се загатнуваат општествени аспекти на спортската култура, беше направен своевиден новинарски преседан: По кусиот вовед на водителот на емисијата, репризирано е две години старо интервју со Никола Груевски, премиер на државата, со кое емисијата си ја оправдува интенцијата: Да го потврди континуитетот и политичката конзистентност во ветувањата и исполнувањата на старо-новата Влада. Потоа, емисијата продолжи со студиски дел во кој се реализираше разговор со Борис Змејковски, директор на новоотворената спортска сала „Борис Трајковски". Советот за радиодифузија процени дека ТВ Сител го прекрши член 6 од Упатството за медиумско претставување за предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија во 2008 година, поради емитувањето интервју со премиерот Никола Груевски во рамките на емисијата „Спортско студио".

Речиси на половина од предизборната кампања, во „Журнал", утринска програма на ТВ Сител, гостуваше Драги Змијанац, директот на „Меѓаши", прва детска амбасада, кој апелираше да не се злоупотребуваат децата во функција на кампањата.

**Информативни емисии за избори**: Во редовен термин од работните денови на неделата се емитувани единаесет изданија на контактно-дебатната емисија „Црн-бел бумбар", која презема улога на јавна трибина во која анонимни гледачи полемизираат за, според уредниците на емисијата, најактуелни општествени теми произлезени од најразлични сфери на домашниот општествен живот. Во оваа категорија, други информативни програми кои имаа (не)посредна врска со изборната кампања, ги вбројуваме и прилозите вметнати во утринската програма „Журнал", и во „Наша земја"- специјализирана емисија за теми од земјоделието. Советот за радиодифузија процени дека во новинарските прилози во емисијата „Наша земја", учеството на вицепремиерот Зоран Ставревски и на Љубисав Иванов - Ѕинго, лидер на Социјалистичката партија која беше дел од Коалицијата „За подобра Македонија", е искористено во функција на изборната кампања, поради што ТВ Сител го прекрши член 6 од Упатството за медиумско претставување за предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија во 2008 година.

**Платено политичко рекламирање:** На Сител е емитувано само платено политичко рекламирање за Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ во вкупно времетраење од 9 часа 21 минута и 47 секунди.

### ТВ Телма

**Вести**: Телма ги информираше гледачите за кампањата на десет организатори од можните вкупно 17 (СДПМ е исклучена). Малку подолги се времињата за Коалицијата „Сонце" (2:2:4) во однос на Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ (1:27:32) и за ДУИ (1:14:50) наспроти ДПА (0:41:46).




Од ова произлегува дека може да се зборува за одредена неизбалансираност во вестите на овој телевизиски сервис, во должината на прилозите која не се одразува значително врз директното обраќање.




**Дебати**: ТВ Телма најави и реализираше три дебатни емисии со полемички фокус врз Парламентарните избори 2008 година, меѓутоа не успеа целосно да ги испочитува одредбите од Упатството за медиумско претставување на предвремените избори за пратеници, со оглед на фактот дека не се придржуваше до принципот на пропорционална медиумска застапеност на политичките субјекти, определен според бројот на утврдени кандидатски листи според постојните шест избирачки единици. Полемичките соочувања за теми ги имаа: внатрешно политичките односи и меѓународната позиција на Македонија, улогата на помалите политички партии во изборниот процес (со една реприза) и дилемите околу клучните прашања на македонската економија.

**Интервју**: Планираното соочување меѓу Радмила Шеќеринска и Никола Груевски, двете централни политички фигури на најголемите македонски коалиции, всушност, беше реализирано како интервју (плус една реприза) со лидерката на Коалицијата „Сонце", затоа лидерот на Коалицијата „За подобра Македонија" не одговорил на поканата за политички ТВ -дуел.

**Платено политичко рекламирање:** На Телма се рекламираа четири субјекти, а вкупното време за платена политичка програма изнесува 6 часа 37 минути и 48 секунди. Најголемиот дел од времето за политичко рекламирање е на Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ (5:57:10), а преостанатата минутажа ја делат Коалицијата „Сонце" (речиси 24 минути), ПЕИ (безмалку 12 минути) и спотови без означен нарачател (малку над 5 минути).

**Радио Антена 5**

Антена 5 радио емитуваше куси агенциски вести кои поради тоа не беа анализирани од аспект на присутноста и балансот на информациите за изборите. Всушност, изборите на овој програмски сервис беа присутни само преку **платеното политичко рекламирање**. Радио- станицата емитуваше малку повеќе од 8 часа и 15 минути од овој облик на директен пристап на организаторите на изборна кампања до граѓаните, со речиси еднаква застапеност на двете најголеми коалиции[5].

**Радио Канал 77**

**Вести**: Канал 77 е комерцијалниот медиум кој е најблиску до остварувањето на пропорционалноста во известувањето, согласно со бројот на потврдени листи, а во распределувањето на времето е избалансиран.




Радиото известуваше за десет организатори на изборна кампања со потврдени листи во една, три, четири, пет и шест изборни единици. Притоа, исклучително внимание е посветено на балансот и при распоредот на времето во прилозите и во времетраењето на директното обраќање.




[5] Повеќе детали се дадени во табеларниот приказ на емитуваното платено политичко рекламирање, поместен во поглавието Прилози.

**Дебати**: Радио Канал 77, како што најави во својот Правилник, организираше две дебатни емисии во рамките на актуелно-информативната програма „Стадион", во кои своите ставови за најзначајните прашања од внатрешната и од надворешната политика, како и за текот на изборната кампања, ги соочија дел, но не и сите политички опции со листи на кандидати во пет и во шест изборни единици.

**Информативни прилози за избори**: По минутажа мошне куси информации или редакциски и индивидуални новинарски коментари (не)посредно поврзани со изборниот процес, забележуваме во различни видови информативни емисии: „Будење" (утринска програма), „Радио колумна Слободен удар", „Време на печат" (колажна инфо-програма), и „Јас граѓанинот".

**Платено политичко рекламирање:** За платено време за политичко рекламирање, Канал 77 оддели приближно 2 часа и шест минути. Речиси целово време е закупено од Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ (1:41:58), а преостанатите 23 минути и 47 секунди се за Коалицијата „Сонце".

### Радио Метрополис

Уште една радио станица чија програма ја покрива територијата на цела Македонија, а која емитуваше куси агенциски вести што не се анализирани од аспект на избалансираност. Радио Метрополис емитуваше 4:19:20 **платено политичко рекламирање**, речиси целото време (4:2:55) на Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ. Коалицијата „Сонце" беше застапена со 16 минути и 25 секунди политичко рекламирање.

### *4.2. Радиодифузери на регионално ниво*

Основата за извлекување оцени за балансирано известување во вестите кај регионалните телевизии е принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи со кандидати за пратеници, како што е утврдено во Упатството за медиумско претставување. Споредбата на издвоените времиња е вршена на ниво на скопските медиуми, односно земен е предвид интензитетот на активностите од кампањата кои се одвивале во Скопје или за кои известувале телевизиите од овој регион.

Телевизиските станици ТВ МТМ и ТВ К-15 од Скопје во своите **дневно информативни емисии** не ги следеа Предвремените парламентарни избори 2008 година. ТВ Шутел, ТВ Амазон, ТВ Едо и ТВ Скајнет од Скопје, не емитуваа вести што беше случај и со ТВ Алфа која новата програмска шема (со вести) ја почна по завршувањето на кампањата.

Од методолошки причини, оцени за избалансираност во вестите се извлекувани кај оние медиуми кои во своите вести, во 20-дневната кампања, емитуваа повеќе од два часа информации посветени на изборите. Во групата телевизии кои се најдоа под оваа долна граница спаѓа и регионалната ТВ Крт од Скопје.

Доволно голем обем информации поврзани со изборите емитуваа само ТВ БТР и ТВ ЕРА. Двете станици известуваа избалансирано.

При утврдувањето на избалансираноста во другите облици на медиумско претставување, со исклучок на платеното политичко рекламирање, исто така, важечки е принципот на пропорционалност.

**Интервјуа** емитуваа четири регионални телевизии: ТВ Амазон, ТВ Скајнет, ТВ Крт и ТВ БТР, и притоа ниту еден од нив не обезбеди баланс во презентирањето на политичките опции. Кај ТВ Амазон, дел од интервјуата беа означени како платено политичко рекламирање.

Ниту една од телевизиите кои зрачат програма на територијата на главниот град не организираше **дебати**, ниту пак **бесплатно политичко рекламирање**.

Четири регионални телевизиски програмски сервиси – ТВ Скајнет, ТВ БТР, ТВ Ера и ТВ Крт, емитуваа и **други информативни програми/прилози во кои тема беа изборите**.

**Платено политичко рекламирање** емитуваа седум телевизии на регионално ниво, односно сите освен ТВ МТМ и ТВ К-15. Меѓу нив, најголем обем од овој облик на директен пристап до публиката е регистриран на ТВ БТР (околу 8 часа)[6].

[6] Детали се дадени во посебни табели во заглавието Прилози.

### Телевизија Амазон

**Интервју**: Од посебните информативни емисии, Телевизија Амазон реализираше само интервјуа, вкупно 14, од кои 4 со претставници на Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ, 5 со претставници на централната власт кои се од редовите на оваа коалиција. Од преостанатите пет интервјуа, 2 се реализирани со носителот на листа на кандидати за пратеници од ТМОРО-ВЕП во Изборната единица 2, две со носител на листа од Партијата за европска иднина и едно интервју со претставник од Коалицијата „Сонце". Три од интервјуата се означени како платено политичко рекламирање.

Од посоченото се гледа дека се емитувани интервјуа само со 4 организатори на изборна кампања, од вкупно 16, колку што имаа свои кандидатски листи во Изборната единица 1, што покажува дека Телевизија Амазон не водеше грижа за принципот на избалансираност при реализацијата на интервјуата.

**Платено политичко рекламирање:** На Амазон се емитувани вкупно околу 28 минути платено политичко рекламирање за Радикалната странка на Србите во Македонија, за ПЕИ и за ТМРО ВЕП.

### Телевизија ЕДО

**Платено политичко рекламирање**: ЕДО во текот на целата кампања емитуваше само платено политичко рекламирање, а и тоа во мал обем–11 минути и 15 секунди, за Радикалната странка на Србите во Македонија и за ПЕИ.

### Телевизија БТР

**Вести**: ТВ БТР во вестите информираше за активностите на пет организатори на изборна кампања при што постои избалансираност во распоредувањето на времето што им го отстапи. Вкупното време вести посветени на изборите, емитувани за време на кампањата, изнесува 3 часа 18 минути и 40 секунди.

**Интервју**: Од двете интервјуа реализирани во емисијата Т.Р.Н. („Така речено неофицијално") едното беше со Амди Бајрам, политички лидер на Сојузот на Ромите, партија која на изборите настапуваше како дел од Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ. Второто интервју, каде што една од темите на кои се разговараше беа и изборите, е со сопственикот на Телевизија БТР.

Надвор од емисијата Т.Р.Н., беше реализирано уште едно интервју со Амди Бајрам. Овој разговор беше означен како платено политичко рекламирање. Со отстапениот простор само за претставникот на Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ не може да се зборува за избалансирано покривање на изборите во делот на интервјуата.

**Информативни емисии за изборите**: Преостанатите три изданија на емисијата Т.Р.Н., емитувани за време на изборната кампања, беа реализирани како контактна програма, каде што гледачите можеа да го искажат своето мислење на одредена тема.

**Платено политичко рекламирање:** Најголем обем платено политичко рекламирање беше емитувано на оваа регионална телевизија – 8 часа 30 минути и 50 секунди. Во најголем дел, станува збор за рекламно време закупено од Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ (6:17:29), а преостанатото е на Коалицијата „Сонце" и на Радикалната странка на Србите во Македонија.

### Телевизија ЕРА

**Вести**: ТВ ЕРА во вестите избалансирано известуваше за активностите на осум организатори на изборна кампања, посветувајќи им на изборите вкупно 3 часа и 27 минути од времето во централната дневно-информативна програма.

**Информативни емисии за изборите:** Телевизија ЕРА, во текот на кампањата емитуваше две изданија на информативната емисија „Ретро" во траење од по 60 минути, во којашто најголем дел од

информациите се однесуваа на изборната кампања и на изборниот процес, како пресек на поважните случувања од изминатата недела.

**Платено политичко рекламирање**: Платеното политичко рекламирање е присутно со 4 часа 52 минути и 38 секунди. Во него свој удел имаат најмногу ДПА (2:46:5) и ДУИ (1:54:39), како и ПДП, ДУА и Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ со ситни минутажи.




*На графиконот е претставена застапеноста на субјектите во вестите поврзани со изборната кампања за ТВ БТР и ТВ ЕРА (Скопје)*

### Телевизија Крт

**Вести**: Изборите во вестите на ТВ Крт се присутни со 35 минути и 13 секунди, односно не е достигнат потребниот минимален квантум време за да се оценува избалансираноста.

**Интервју**: Телевизија Крт емитуваше четири интервјуа, по две со претставници од Сојузот на Титови леви сили и од редовите на ТМОРО-ВЕП. Простор за другите политички опции, кои имаа свои кандидатски листи во оваа изборна единица, на Телевизија Крт не беше отстапен.

**Информативни прилози за изборите**: Со цел гласачите подобро да се информираат за изборите, емитувани се и два двоминутни прилога за редоследите на партиите во изборните единици 1 и 2.

**Платено политичко рекламирање:** Времето за платено политичко рекламирање на ТВ Крт, со вкупно траење од 1 час 37 минути и 27 секунди, е откупено од повеќе субјекти – најзначаен удел има Сојузот на Титови леви сили (53 минути и 37 секунди), а помало според времетраењето е присуството на ТМРО-ВЕП, Радикалната странка на Србите во Македонија, ПЕИ, Партијата на слободните демократи, Социјалдемократската партија на Македонија и на Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ.

**Телевизија Скај Нет**

**Интервју**: Реализирани се вкупно седум интервјуа, четири со претставници од Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ, две се со носители на листи на кандидати за пратеници од редовите на Коалицијата „Сонце" и едно со претставник на фракцијата на НСДП. Во текот на изборната кампања, четири од интервјуата се емитувани репризно. Сите интервјуа, со исклучок на едно, се водени во емисијата „Јади бурек".

Со тоа што емитуваше интервјуа само со претставници на два организатора на изборна кампања (Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ и Коалицијата „Сонце"), ниту телевизија Скај Нет не обезбеди избалансиран пристап во интервјуата.

**Информативни емисии за изборите**: Дел од емисиите „Јади бурек" беа реализирани како информативна програма, каде што во еден сегмент од нив се говореше за и околу изборите, најчесто при прелистувањето на дневниот печат од страна на водителот или при контактите со гледачите, телефонски или преку СМС-пораки.

**Платено политичко рекламирање:** На оваа телевизија, платено политичко рекламирање закупила само Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ и тоа 36 минути и 20 секунди.

**Телевизија Шутел**

**Платено политичко рекламирање:** Од приближно четирите часа и четири минути платено политичко рекламирање, што е единствениот облик на политичко претставување емитуван на ТВ Шутел, 3 часа 36 минути и 52 секунди се на Коалицијата предводена од ВМРО- ДПМНЕ, а преостанатите 26 минути и 53 секунди се на ПЕИ.

### *4.3. Радиодифузери на локално ниво*

Избалансираноста во централните дневно информативни емисии кај локалните телевизии се мереше според истиот принцип – пропорционалност, согласно со бројот на потврдени листи со кандидати, при што се водеше сметка за интензитетот на кампањите на различните субјекти кои на овие избори се натпреваруваа за место во парламентот. Споредбата меѓу телевизиите е вршена на ниво на секој град поединечно за да се обезбедат споредливи податоци, а оцена е дадена само за оние медиуми кои, во текот на 20 – дневната кампања, одвоија повеќе од два часа од своите вести за да информираат за изборите.

Според резултатите од мониторингот, информации за изборите во **вестите** емитуваа 30 телевизии на локално ниво, односно вести не емитуваа ВТВ од Валандово, Супер Скај од Тетово, Боем од Кичево, Далга Крт од Куманово и Меди од Битола. Од оние локални ТВ станици кои им обезбедија на изборите новинарски третман во своите централни дневно информативни емисии, оцени за избалансираност е методолошки неоправдано да се извлечат за: Канал 21 и Здравкин од Велес, Нова од Гевгелија, КТВ 41 од Кавадарци, Гурра и Ускана од Кичево, Феста од Куманово, Морис од Охрид, Протел од Пробиштип, Свет од Свети Николе, Калтрина и Арт Канал од Струга, Интел и Вис од Струмица, Жупа од Центар Жупа и Стар и Ирис од Штип. Имено, овие медиуми емитуваа помалку од два часа информации посветени на изборите.

Избалансираност во вестите постигнаа: Тера од Битола, Хана од Куманово, ТВМ од Охрид, Ко-Бра од Радовиш и Менада и Кисс од Тетово. Неизбалансираност во полза на Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ покажаа Орбис од Битола, Нова од Куманово, НТВ од Охрид и Еми од Радовиш. Неизбалансираност во полза на ДУИ има кај Дуе од Гостивар и кај Арт од Тетово. Неизбалансираност во полза на ДПА покажа Коха од Тетово.

Принципот на пропорционалност беше темел за утврдување балансираност и кај другите облици на медиумско претставување. Исклучок е, секако, платеното политичко рекламирање.

**Интервјуто** беше употребено во изборните програмски содржини на 27 локални телевизии. Ниту еден од овие радиодифузери не обезбеди избалансираност во презентирањето на политичките опции, а Здравкин и Канал 21 од Велес, Тера од Битола, Нова од Гевгелија, КТВ 41 од Кавадарци и ТВ Свет од Свети Николе дел од интервјуата означија како политичко рекламирање, што претставува класична злоупотреба на жанрот.

**Дебатни емисии** се емитувани на 5 локални ТВ станици, охридската ТВМ, тетовските Менада и Арт, велешката Канал 21 и битолската Тера. Избалансираност обезбедија ТВМ и Менада.

Тринаесет локални телевизии: Орбис од Битола, Нова од Гевгелија, Калтрина од Струга, Стар од Штип, Нова и Далга Крт од Куманово, Коха и Менада од Тетово, ТВМ и НТВ од Охрид, Боем од Кичево, ВТВ од Валандово и Еми од Радовиш емитуваа и **други информативни емисии/прилози чија тема беа изборите**.

Време за **бесплатно политичко претставување** одвоија две локални ТВ станици (Хана од Куманово и Еми од Радовиш), кои притоа не обезбедија баланс согласно со принципот на пропорционалност[7].

**Платено политичко рекламирање** е емитувано на 33 телевизии на локално ниво. На многу локални медиуми обемот на политичкото рекламирање е поголем дури и од рекламирањето емитувано на медиумите на државно и на регионално ниво. Такви медиуми се: Ко-Бра од Радовиш, ТВ Жупа од Центар Жупа, велешката Здравкин, кавадаречката КТВ 41, струмичката Вис, Орбис од Битола, Стар од Штип и тетовската Коха[8].

### Телевизија Меди - Битола

**Платено политичко рекламирање:** Битолската телевизија Меди за овие избори емитуваше само платено политичко рекламирање и тоа 7 часа 26 минути и 37 секунди за еден субјект - Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ.

### Телевизија Тера - Битола

**Вести**: Телевизијата објави прилози за изборите со времетраење од 3 часа 47 минути и 47 секунди, при што ги следеше активностите на пет организатори на изборна кампања и, во зависност од нивниот интензитет, обезбеди избалансираност во известувањето во вестите.

**Интервју**: Реализираше 8 интервјуа со претставници на организатори на изборна кампања, сите означени како платено политичко рекламирање. Дополнително презеде и две интервјуа емитувани во рамките на емисијата „Јади бурек", со Гордана Јанкуловска од Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ и со Тито Петковски од Коалицијата „Сонце" (интервјуто со Петковски поради технички проблеми не беше емитувано во целост). Четирипати гостуваа претставници на Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ, три пати претставници на Коалицијата „Сонце" и еднаш од ПЕИ. Две од интервјуата беа репризирани. Од изнесеното се гледа дека простор добија само три организатори на изборна кампања, Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ, Коалицијата „Сонце" и ПЕИ.

**Дебати**: Емитувани се 4 дебатни емисии, сите единствено со претставници од двете големи коалиции, едната предводена од ВМРО-ДПМНЕ и другата „Сонце", предводена од СДСМ.

**Информативна програма за избори**: Преземена е една емисија „Во Центар" од Канал 5. Тема на емисијата е македонскиот јазик, а еден од соговорниците е и министерот за надворешни работи Антонио Милошоски.

**Платено политичко рекламирање:** Седум часа и 48 минути – толку изнесува вкупното време што во текот на оваа кампања го закупија четири партии/коалиции - Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ (4:11:5), Коалицијата „Сонце" (3:16:15), ПЕИ (0:15:20) и ВМРО ДП (0:5:20).

[7] Повеќе информации се дадени во табелата со преглед на бесплатното претставување, објавена меѓу Прилозите.
[8] Платеното политичко претставување објавено од локалните телевизии е детално прикажано во табелите објавени во главата насловена како Прилози.

**Телевизија Орбис - Битола**

**Вести**: ТВ Орбис во вестите известуваше за шест организатори на изборна кампања. Емитуваше вкупно 4 часа 25 минути и 30 секунди вести за изборите, но притоа времето го распореди неизбалансирано – Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ доби 2 часа 16 минути и 20 секунди што е за 1 час и 24 минути повеќе од Коалицијата „Сонце" (0:52:20).

**Интервју**: Од интервјуата кои се производ на Телевизија Орбис (14), десет се со претставници на Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ или на централната власт. Емитувани се две интервјуа со носители на листи од ПЕИ, едно интервју со луѓето кои се одделија од НСДП и дејствуваа како фракција, едно со Ѓунер Исмаил. Пет од интервјуата се репризирани, од кои некои и по два пати. Емитувани се и две преземени интервјуа со премиерот Груевски, реализирани во рамките на емисиите „Лејт најт шоу" на Телевизија Канал 5 и „Јади бурек", на ТВ Скај Нет.

Простор е отстапен на два организатора на изборна кампања, при тоа доминираат интервјуа со претставници на Колицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ.

**Информативни емисии за изборите**: Емитувана е една информативна емисија насловена како „Локални дијагонали" во која според оцената на медиумот се прави пресек на поважните настани од изминатата недела. Посочената емисија донесува неколку новинарски осврти на следниве теми: работењето на Владата; стимулирање на аграрот од страна на Владата; рејтинзите на досегашните премиери; состојбата во битолската болница меѓу двете владеења; преминувањата на членови од една во друга партија, како и информации за активностите на само еден организатор на изборна кампања, Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ.

**Платено политичко рекламирање:** Времето од 10 часа 1 минута и 45 секунди кое ТВ Орбис го издвои за платено политичко рекламирање е поделено меѓу два субјекта - Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ (7:45:15) и ПЕИ (2:16:30).




*На графиконот е претставена застапеноста на субјектите во вестите поврзани со изборната кампања за ТВ Тера и ТВ Орбис (Битола)*

## Телевизија ВТВ - Валандово

**Интервју**: Вкупно се емитувани 4 интервјуа - сите со претставници од Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ. Другите организатори на изборна кампања, од изборната единица каде што припаѓа Валандово, не добија можност преку интервјуа да ги презентираат своите политички ставови.

**Информативни прилози**: Телевизијата издвои дваесетина минути да информира за отворањето на спортското игралиште во село Удово од страна на градоначалникот Бранко Ѓорѓиев.

**Платено политичко рекламирање:** На оваа телевизија се емитувани 9 часа 41 минута и 16 секунди платено политичко рекламирање, најмногу за Коалицијата предводена од ВМРО- ДПМНЕ (7:18:59), па за Коалицијата „Сонце” (2:11:15) и за ПЕИ (11 минути и 2 секунди).

## Телевизија Здравкин - Велес

**Вести**: Еден и пол час – тоа е времетраењето на информациите поврзани со изборите кои најдоа место во вестите на оваа ТВ станица, што не отвора простор за веродостојно оценување на избалансираноста.

**Интервју**: Емитувани се вкупно 5 интервјуа, од кои 3 во реализација на информативната редакција на Телевизијата, а две се преземени, едното од Радио Слободна Европа, другото од Телевизија Скај Нет од Скопје.

Гости во студиото на Телевизија Здравкин беа претставници од Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ и еден од Коалицијата „Сонце”. Две од интервјуата беа означени како платено политичко рекламирање, и тие беа репризирани.

Преземеното интервју од Телевизија Скај Нет е разговорот реализиран со премиерот Никола Груевски во рамките на емисијата „Јади бурек”. Од Радио Слободна Европа е преземено интервјуто емитувано со министерот за здравство Имер Селмани. Застапеноста во интервјуата на претставници од само три организатори на изборна кампања не говори за избалансиран пристап во овој сегмент.

**Платено политичко рекламирање:** ТВ Здравкин емитуваше голем обем платено политичко рекламирање – вкупно 12 часа 2 минути и 30 секунди. Поголемиот дел – 7:49:30 се од Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ, а помалиот – 4:12:45 од Коалицијата „Сонце”.

## Телевизија Канал 21 - Велес

**Вести**: Во вестите оваа велешка телевизија емитуваше 1 час и 2 минути прилози за изборите, што е недоволна основа за извлекување заклучок во врска со избалансираноста.

**Интервју**: Емитувани се вкупно 14 интервјуа, од кои 10 се реализирани со претставници на Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ или со владини претставници кои настапуваа во име на Владата и Коалицијата. Три се направени со претставници на Коалицијата „Сонце”, а едно со лидерот на СДПМ. Две од интервјуата се репризирани, а три се означени како платено политичко рекламирање. Застапеноста на три политички субјекти не обезбедува избалансираност.

**Дебати**: Телевизија Канал 21 организираше две дебатни емисии кои, исто така, не обезбедија избалансираност. Во првата дебата учествуваа двајца претставници на Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ, двајца претставници на Коалицијата „Сонце” и еден од Сојузот на Титови леви сили.

Втората дебатна емисија е реализирана со повеќе новинари во студио, кои им поставуваа прашања на претставниците од двете големи коалиции.

**Платено политичко рекламирање:** Поголемиот дел од платеното политичко рекламирање на Канал 21 – три часа, е закупен од Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ. Остатокот, од околу еден и пол час, е за Коалицијата „Сонце”.

**Телевизија Нова - Гевгелија**

**Вести**: Во вестите Нова објави 19 минути и 25 секунди информации за изборите, време што не отвора простор за разгледување на дневно информативните емисии од аспект на балансот меѓу организаторите на изборна кампања.

**Интервју**: Телевизија Нова реализираше 7 интервјуа со претставници на 3 организатори на изборна кампања, и тоа: пет интервјуа со претставници на Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ и по едно со претставници од Коалицијата „Сонце" и од ПЕИ. Пет се означени како платено политичко рекламирање, а две се репризирани. Не е постигнат баланс.

**Информативни емисии за изборите**: Не станува збор за авторски информативни емисии на телевизијата, туку за снимки од прес-конференции и трибини само на Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ. Емитувани се три снимки од прес-конференции и 2 снимки од одржани трибини.

**Платено политичко рекламирање:** Шест часа и девет и пол минути вкупно време за политичко рекламирање, закупено од три субјекти – речиси подеднакво од двете коалиции – онаа предводена од ВМРО-ДПМНЕ и од „Сонце" (по околу два и пол часа) и ПЕИ (еден час).

**Телевизија Дуе - Гостивар**

**Вести**: ТВ Дуе изборите ги следеше во вестите, каде што им отстапи 2 часа 40 минути и 44 секунди. Време им посвети на информациите за активностите на осум организатори на изборна кампања, при што постои неизбалансираност во корист на ДУИ (1:14:12) наспроти ДПА (0:35:0).




**Платено политичко рекламирање:** На ТВ Дуе се емитувани 8 часа и 22 минути платени политички реклами, во најголемиот дел на ДУИ (5:15:48), а на ДУА (1:47:53), на ПДП (1:0:51) и на ДПА (17 минути и 21 секунда).

**Телевизија КТВ 41 - Кавадарци**

**Вести**: Вестите за изборите сочинуваат 1 час 15 минути и 40 секунди од времето на дневно информативните емисии емитувани на КТВ 41 во текот на кампањата. Од ова времетраење не може да се извлечат оцени за избалансираноста.

**Интервју**: Емитувано е само едно интервју во траење од 8 минути, со Зоран Ставрески, носител на листа во Изборната единица 4 од редовите на Коалицијата предводена од ВМРО- ДПМНЕ. Интервјуто е означено како платено политичко рекламирање.

**Платено политичко рекламирање:** Четири политички субјекти закупија 11 часа 8 минути и 45 секунди од времето на оваа телевизија. Нешто повеќе од пет часа од политичките реклами се за Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ, околу четири часа и 40 минути за Коалицијата „Сонце", еден час за ПЕИ и петнаесетина минути за независниот кандидат Панчо Минов.

**Телевизија Боем - Кичево**

**Интервју**: Сите интервјуа на Телевизија Боем (вкупно 5) се преземени, т.е. емитувани во рамките на емисијата „Јади бурек". Станува збор за разговорите водени со Тито Петковски и со Радмила Шеќеринска од Коалицијата „Сонце", со Гордана Јанкуловска и со Трајко Славевски од Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ и интервјуто со Лазар Еленовски од НСДП-фракција.

**Информативни прилози поврзани со изборите**: Телевизијата реши со 25-минутен прилог да се осврне на посетата на вицепремиерот Живко Јанкуловски на републичкиот натпревар на народна техника, одржан во ОУ „Кузман Јосифовски Питу" во општина Кичево, и да емитува петминутно парче од говорот на премиерот Никола Груевски по повод отворањето на спортската сала „Борис Трајковски" во Скопје.

**Телевизија Гурра - Кичево**

**Вести**: Во вестите на Гурра, емитувани во периодот од 11 до 30 мај, информациите за текот на кампањата се застапени со време помало од 2 часа, што е под долниот праг на методолошки поставениот минимум за оценување на избалансираноста во вестите.

**Платено политичко рекламирање:** Нешто повеќе од еден час платено политичко рекламирање, приближно еднакво распоредено меѓу ДУИ и ДПА.

**Телевизија Ускана - Кичево**

**Вести**: Времето што оваа телевизија го одвои за третман на изборите во вестите изнесува 27 минути и 50 секунди и оттаму е неможно да се оценува избалансираноста во поделбата на времето меѓу партиите и коалициите.

**Платено политичко рекламирање:** Речиси сето платено политичко рекламирање е на ДУИ – 4:8:53, а само осум минути закупила ДПА.

**Телевизија Далга КРТ - Куманово**

**Интервјуа**: Осум интервјуа (некои од нив и репризирани) се преземени или како снимки или како директни преноси од емисиите „Јади бурек" и од „Лејт најт шоу". Освен интервјуто со Горан Зафировски од ТМОРО-ВЕП, преземено како снимка од АТВ - Скопје, во сите други интервјуа гостуваат претставници од врвот на двете најголеми политички партии ВМРО- ДПМНЕ и СДСМ, како и претставници на нивните коалициски партнери.

Не е исполнет принципот на пропорционалност во медиумското претставување на сите политички опции од изборната единица во која и самата ТВ Далга КРТ функционира како локален медиум.

**Информативни емисии за изборите**: Во оваа категорија програми бележиме пет емисии во кои, главно, се собрани информации за локални случувања - промоции и прес-конференции на кандидати за пратеници или активности на локалната власт - во непосредна врска со изборната кампања. Тука е класифициран и дел од едно издание на емисијата „Јади бурек”, во кој водителот и гледачите што се вклучуваат во програмата, разговараат на темата - избори.

**Платено политичко рекламирање:** Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ закупи околу пет часа и 2 минути, односно речиси сето време за политичко рекламирање на оваа телевизија. Околу шест минути беа за ТМРО-ВЕП.

## Телевизија Нова - Куманово

**Вести**: ТВ Нова во вестите информираше за кампањите на пет субјекти. Вкупно емитуваше 2 часа и 12 минути прилози за изборите, при што постои неизбалансираност во корист на Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ (53 минути) во однос на Коалицијата „Сонце” (28 минути).

**Интервју**: Во сите четири интервјуа, емитувани на програмата на ТВ Нова од Куманово во периодот на изборната кампања, гости се единствено претставници на владејачката ВМРО- ДПМНЕ. Всушност, две интервјуа (со една реприза) под наслов „Монитор”, се реализирани како оригинална продукција на телевизијата, а другите две интервјуа - и обете со Никола Груевски, премиер на државата, се преземени од емисиите „Лејт најт шоу” и од „Јади Бурек”.

**Информативни емисии за изборите**: Две изданија на емисиите: „Разговор со повод” и „Плус-минус” (со една реприза), се реализирани како групно интервју во врска со политичката понуда на Радикалната странка на Србите во Република Македонија и со претставници на СДСМ.

**Платено политичко рекламирање:** На ТВ Нова се емитувани 7 часа 49 минути и 40 секунди платено политичко рекламирање – доминантно за Коалицијата предводена од ВМРО- ДПМНЕ, со педесетина минути за Коалицијата „Сонце” и со дваесетина за Радикалната странка на Србите во Македонија.




*На графиконот е претставена застапеноста на субјектите во вестите поврзани со изборната кампања на ТВ Хана и ТВ Нова (Куманово)*

## Телевизија Хана - Куманово

**Вести**: ТВ Хана емитуваше вкупно 3 часа и 9 минути вести за изборите, избалансирано следејќи ги активностите на седум субјекти.

**Интервју**: Три интервјуа со лидерите на двете највлијателни политички партии на Албанците: едно со Мендух Тачи - ДПА, и две со Али Ахмети - ДУИ. Интервјуата се преземени од Гласот на Америка. ТВ Хана не го испочитува принципот на пропорционалност во презентацијата на различните политички опции кои пријавија кандидати за парламентарни пратеници.

**Бесплатно политичко претставување**: Под наслов „Парламентарни избори 2008" време за бесплатно политичко претставување им беше отстапено единствено на партиите од албанскиот политички блок: ДУА (30 минути за Теута Ајети и Исмаил Реџепи), ДПА (31 минута за Абедин Зубери), ПДП (35 минути за Исмет Рамадани), ДУИ (30 минути за Хајрула Мисини) и НДУ (30 минути за Хисни Шаќири). Телевизијата, одлучувајќи се да им отстапи простор само на претставниците на партиите од албанскиот блок, не го почитуваше принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи утврден во Упатството за медиумско претставување.

**Платено политичко рекламирање:** На ТВ Хана, партијата ДУИ откупи најмногу платено политичко рекламирање – 4 часа и 33 минути. НДУ имаше 11 минути, ПДП 9, а ДУА шест и пол минути.

## Телевизија Феста - Куманово

**Вести**: Во вестите на ТВ Феста се емитувани 1 час и 10 минути прилози за кампањата, но ова, сепак, не е доволно време за да се даде оцена околу рамномерноста во поделбата на времето.

**Платено политичко рекламирање:** ДПА е политичкиот субјект кој закупи најмногу од платеното политичко рекламирање на Феста – шест часа и девет минути. Има уште 46 минути за ПДП и една минута за Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ.

## Телевизија Морис - Охрид

**Вести**: Времето што оваа охридска телевизија го одвои за третман на изборите во вестите изнесува 1 час 1 минута и 44 секунди и оттаму е неможно да се оценува избалансираноста во поделбата на времето меѓу партиите и коалициите.

**Интервјуа**: Едно интервју со Владо Стефановски, кандидат за пратеник на ВМРО- ДПМНЕ.

**Платено политичко рекламирање:** Платеното политичко рекламирање претставува три часа и дваесетина минути од содржините емитувани на Морис за време на кампањата. Најголемиот дел е на Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ (2:21:5), а остатокот за Коалицијата „Сонце"(0:58:0).

## Телевизија НТВ - Охрид

**Вести**: НТВ емитуваше 2 часа 51 минута и 10 секунди вести за изборите во кои е присутна неизбалансираност во корист на Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ (1:20:26) наспроти Коалицијата „Сонце" (0:27:4). Следени се активностите на тројца организатори на изборна кампања.

**Интервјуа**: Осум интервјуа од кои седум со претставници од ВМРО-ДПМНЕ и едно со претставник на огранокот на СДСМ од Охрид. Реализирани се во рамките на три одделни емисии: „Отворен екран", „ТВ објектив" и „ТВ интервју", а разговорот главно поаѓа од некоја локална, охридска комунална тема, па се воопштува на тој начин што се поврзува со политичките ветувања за време на изборната кампања.

Со биполарниот пристап во реализацијата на интервјуата НТВ не го испочитува принципот на пропорционалност во презентирањето на сите политички опции од изборната единица во која функционира како локален медиум.

**Информативни емисии за изборите**: Двата разговора со гости од окружниот, струшки комитет на ВМРО-ДПМНЕ, иако се водени под насловот „ТВ интервју", сепак, не можат да се класифицираат ниту во овој жанр ниту, пак, како дебата, затоа што станува збор за припадници на иста политичка опција. Темите на разговорот кружат околу комуналните проблеми и околу туристичките потенцијали на Струга, ставени во непосредниот предизборен контекст.

**Платено политичко рекламирање:** На НТВ се рекламираа три политички субјекти - Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ четири часа и 39 минути, Коалицијата „Сонце" околу еден час и 10 минути и ПЕИ – триесетина минути.




*На графиконот е претставена застапеноста на субјектите во вестите поврзани со изборната кампања на ТВ ТВМ и ТВ НТВ (Охрид)*

**Телевизија ТВМ - Охрид**

**Вести**: ТВМ во текот на кампањата издвои 2 часа 36 минути и 59 секунди од времето во вестите за избалансирано да ги следи активностите на пет организатори на изборна кампања.

**Интервјуа**: Дванаесет интервјуа (некои и репризирани) емитувани речиси секој ден од времетраењето на кампањата. Соговорници беа само високи политички претставници од ВМРО-ДПМНЕ (или од некоја партија што влегла во Коалицијата „За подобра Македонија") или актуелни пратеници на СДСМ (или некој кандидат за пратеник од партија што влегла во Коалицијата „Сонце"). Темите, главно, беа фокусирани врз основните идеи од изборната кампања, кои, во тие рамки на разговорите, допираат и поширoки општествени релации, како на пример, спорот со Грција или, пак, општите (пр)оцени за актуелната надворешно политичка ситуација на Македонија и слично. Применувајќи ваков пристап во реализацијата на интервјуата, Телевизијата не го испочитува принципот на пропорционалност во презентирањето на сите политички опции од изборната единица во која функционира како локален медиум.

**Дебати**: Емитувани се три дебатни соочувања во терминот за емисијата „Вкрстено", на 12, на 19 и на 26 мај. Телевизијата речиси го исполни она што го најави во сопствениот Правилник за покривање на изборната кампања, во делот за дебатните емисии. Имено, гостуваа 9 од можните 12 претставници на политичките партии што имаа пријавено кандидати за пратеници во Изборната единица 5. Во еден од трите наведени датуми за дебата, водителот на емисијата го оправда отсуството на ДУА, но сепак, со

мониторингот не е забележано дека се наведуваат причините за отсуството на ТМОРО - ВЕП и на СДПМ.

**Информативни емисии за изборите**: Петминутен прилог за отворањето „Музеј на вода" во Охрид. Важно е дека ова телевизиско време е отстапено за свечениот говор на премиерот Никола Груевски, па, во оваа смисла, функцијата на информацијата добива предизборен контекст.

**Платено политичко рекламирање:** Шест часа и седум минути беше времето за политичко рекламирање откупено од пет субјекти: Коалицијата предводена од ВМРО- ДПМНЕ (3:16:20), Коалицијата „Сонце" (2:4:51), ПЕИ (0:36:20) и ДУИ и ДПА со ситни минутажи.




*На графиконот е претставена застапеноста на субјектите во вестите поврзани со изборната кампања на ТВ Коха и ТВ Арт (Тетово)*

**Телевизија Арт - Тетово**

**Вести**: ТВ Арт во вестите информираше за текот на кампањата на седум организатори. Одвои вкупно 3 часа 44 минути и 30 секунди од времето во вестите за изборите и покажа неизбалансираност во корист на ДУИ (1:21:30) наспроти ДПА (29 минути).

**Дебати**: Една дебата, единствено меѓу претставници од политичките партии на Албанците од Република Македонија, при што недостига претставник од ПДП. На овој начин, е забележливо дека реализираното политичко соочување го следело етничкиот, а не граѓанскиот концепт на постојната политичка понуда, со што не е овозможен пропорционален медиумски третман на сите политички опции во изборната единица каде што ТВ Арт функционира како локален медиум.

**Платено политичко рекламирање:** На ТВ Арт се рекламираа четири партии. Најмногу време има откупено ДУИ (4:1:12), па ПДП (2:3:5), ДУА (0:35:30) и ДПА (0:0:30).

**Телевизија Коха - Тетово**

**Вести**: ТВ Коха во вестите емитуваше прилози за изборите од 3 часа 47 минути и 30 секунди, ги следеше кампањите на шест коалиции/партии известувајќи неизбалансирано во корист на ДПА (1:3:35) во однос на ДУИ (0:44:20).

**Интервју**: со Мендух Тачи, лидер на ДПА, преземено од албанскиот „Топ ченл".

**Информативни емисии за изборите**: Во емисијата под наслов „Специјале", своите гледишта за состојбите во македонската култура ги изложуваа - Арификмет Џемаили, министер за култура и Метин Ивети, директор на Националниот центар за конзервација.

**Платено политичко рекламирање:** Коха е телевизијата со најголем обем платено политичко рекламирање во Тетово – 9:15:20. Од нив, три часа и 37 минути се на ПДП, речиси три часа на ДПА, два и пол часа на ДУИ и осум минути за ДУА.

**Телевизија Кисс - Тетово**

**Вести**: Во вестите на ТВ Кисс се емитувани извештаи за активностите на шест организатори на изборна кампања, издвоени се вкупно 5 часа 12 минути и 28 секунди од централните дневно информативни емисии за изборите, а известувањето е избалансирано.

**Интервјуа**: Четири интервјуа. Две од нив со Тито Петковски (прекинато по седум минути емитување) и со Гордана Јанкуловска, министерка за внатрешни работи, преземени од емисијата „Јади бурек". Ацо Спасеновски, министер за земјоделие, и повторно Гордана Јанкуловска, гостуваа во студиото на ТВ Кисс, а разговарано е на теми непосредно мотивирани од текот на изборната кампања, но и во промотивна функција - презентирање на економските и на безбедносните успеси на Владата.

Интервјуата емитувани на ТВ Кисс за време на предизборната кампања не го отсликуваат задолжителниот плуралитет политички опции презентирани според принципот на пропорционалност.

**Платено политичко рекламирање:** Околу половина од платената политичка програма на ТВ Кисс е на Коалицијата „Сонце" - 3:12:1, Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ има 2:37:6, а емитувани се и околу 19 минути спотови без означен нарачател и околу 14 и пол минути за ДУИ.




*На графиконот е претставена застапеноста на субјектите во вестите поврзани со изборната кампања на ТВ Кисс и ТВ Менада (Тетово)*

### Телевизија Менада - Тетово

**Вести**: Кампањите на седум коалиции/партии беа следени во вестите на ТВ Менада и во извештаите таа обезбеди избалансиран третман од аспект на распоредот на времето. Вкупното времетраење на извештаите за изборите изнесува 5 часа и 1 минута.

**Интервју**: Едно интервју со Ивица Георгиевски, директор на Агенцијата за млади и спорт, преземено од емисијата „Бисери", оригинално емитувана на националната ТВ А1.

**Дебати**: Две дебати на кандидатите од Изборната единица бр. 6, на кои ТВ Менада и самата се обврза во сопствениот Правилник за покривање на изборната кампања. И во двата случаја недостигаат претставници од ДУИ, ДПА, НДУ, ДУА и од ВМРО НП, меѓутоа во првото од двете изданија водителката јасно образложи дека овие политички субјекти си го оправдале отсуството.

**Информативни емисии за изборите**: Реприза на „Код", емисија во оригинална продукција на националната ТВ А1, која преку актуелно информативен, документаристички пристап ги анализира подготовките на изборната кампања што ги преземаат највлијателните македонски политички субјекти.

**Платено политичко рекламирање:** На ТВ Менада има четири часа и 57 минути платено политичко рекламирање, а приближно рамномерно се присутни двете поголеми коалиции - онаа на ВМРО-ДПМНЕ и онаа на СДСМ.

### Телевизија Супер скај – Тетово

**Платено политичко рекламирање:** На Супер Скај се рекламираше само ДУА – вкупно два часа и 32 минути. Друг облик на изборно медиумско претставување не е емитуван.

### Телевизија Протел - Пробиштип

**Вести**: Во вестите на Протел се емитувани информации за изборите во траење од 1 час 13 минути и 40 секунди – недоволно за оценување на избалансираноста.

**Интервју**: Четири интервјуа, кои и според изборот на гостите - исклучиво активни парламентарни пратеници од ВМРО-ДПМНЕ, како и владини функционери и министри - и според промотивната поставеност на темите, сугерираат предизборни разговори во прилог на Владата.

Во овие интервјуа е застапена само една политичка партија, со што ТВ Протел не го исполни професионалното медиумско задолжение – политичките опции да ги претстави според принципот на пропорционалност.

**Платено политичко рекламирање:** На ТВ Протел своите изборни ветувања преку платени реклами ги претставија Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ (3:13:0), Коалицијата „Сонце" (1:10:25) и Социјалдемократската партија на Македонија (11 минути).

### Телевизија Еми - Радовиш

**Вести**: ТВ Еми во вестите емитуваше 3 часа извештаи за изборите, информираше за тројца организатори на изборна кампања, при што постои неизбалансираност во корист на Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ за која се издвоени еден час и 11 минути.

**Интервјуа**: Шест интервјуа, од кои пет во рамките на емисијата „Очи во очи", целосно посветени на политичките идеи на ВМРО-ДПМНЕ и на нејзините коалициски партнери, освен интервјуто со Зоран Витанов кој ја презентира опцијата на ПЕИ. На самиот крај од изборната кампања беше емитувано интервјуто со Никола Груевски, преземено од „Јади бурек". Со речиси едностран пристап, ТВ Еми во делот на интервјуата го занемари принципот на пропорционална медиумска презентација на сите политички опции присутни во изборната единица каде што функционира медиумот.

**Информативни емисии за изборите**: Телевизиски портрет на Валентина Божиновска, независен кандидат за пратеник, која зборува како поддржувач на идеите и на политичката прагма на ВМРО-ДПМНЕ.

**Бесплатно политичко претставување**: На 22 мај, време за бесплатно политичко претставување им е отстапено само на три политички опции: СДСМ (5 минути), ВМРО- ДПМНЕ (5 минути) и на ПЕИ (4 минути). Телевизијата покажа неизбалансираност во овој облик на директен пристап до публиката, бидејќи не се придржуваше до принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи на кандидати.

**Платено политичко рекламирање:** Осум часа и 38 минути платени политички реклами се емитувани на ТВ Еми, од кои шест часа и девет минути се на Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ, еден час и 55 минути на ПЕИ и 34 минути на Коалицијата „Сонце”.




*На графиконот е претставена застапеноста на субјектите во вестите поврзани со изборната кампања на ТВ Ко-Бра и ТВ Еми (Радовиш)*

**Телевизија Ко-Бра - Радовиш**

**Вести**: Во вестите на ТВ Ко-Бра се следени три партии/коалиции при што е обезбедено избалансирано покривање. Вкупното време посветено на кампањите и на другите изборни теми изнесува 2 часа и 24 минути.

**Интервјуа**: Емитувани се седум интервјуа (четири од нив и со по една реприза). Застапени се само три политички субјекти: ВМРО-ДПМНЕ, ПЕИ и СДСМ. Претставниците на овие политички субјекти ги промовираат предностите на државниот, но и на локалниот политички потенцијал на нивните политички платформи. Покрај емисијата „Отворено за...”, во оригинална продукција на ТВ Ко-Бра, мониторингот бележи и две изданија на интервјуа со премиерот Никола Груевски, реализирани во „Лејт најт шоу” (со една реприза) и во „Јади бурек”. Во однос на овој новинарски жанр за претставување на политичките партии во изборниот процес заклучок е дека ТВ Ко-Бра не овозможи пропорционален медиумски третман на постојната политичка понуда.

**Платено политичко рекламирање:** Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ има значаен удел од 11 часа 41 минута и 50 секунди во вкупното време за платено политичко рекламирање од 18 часа 57 минути и 30 секунди. Коалицијата „Сонце" има шест часа и 43 минути, а ПЕИ околу 33 минути.

### Телевизија Свет - Свети Николе

**Вести**: Безмалку 13 минути (0:12:50) е времетраењето на информациите за изборите во вестите на ТВ Свет – премалку за да се разгледуваат од гледна точка на балансот во распоредот на времето.

**Интервјуа**: Во емисијата „Гостин во студио", се емитувани дванаесет интервјуа (шест означени како платена политичка програма). Гости во десет интервјуа беа претставници на владејачката ВМРО-ДПМНЕ, а по едно интервју им беше отстапено на Тито Петковски, лидер на НСДП, еден од коалиционите партнери во „Сонце", и на Бранко Јаневски, лидер на СДПМ. ТВ Свет не го испочитува принципот на пропорционалност во презентацијата на различни политички опции кои пријавија кандидати за парламентарни пратеници.

**Платено политичко рекламирање:** Од околу три часа и 29 минути платени политички реклами, 2 часа 48 минути и 15 секунди се на Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ, а преостанатите четириесетина минути на Коалицијата „Сонце".

### Телевизија Арт Канал - Струга

**Вести:** Емитувани се незначителни 3 минути и 50 секунди информации за изборите во вестите на ТВ Арт Канал – премалку за да се разгледуваат од гледна точка на балансот во распоредот на времето.

### Телевизија Калтрина - Струга

**Вести**: Калтрина во своите вести емитуваше прилози за изборите со вкупно времетраење од 23 минути и 30 секунди – не може да се оценува избалансираноста.

**Интервју**: Емитуваните интервјуа се со Тахир Хани, кандидат за пратеник од редовите на ДУИ и со Бардул Махмути од Демократската унија на Албанците. Иако при емитувањето на двете интервјуа постои најава дека ќе се реализираат разговори и со претставници на други организатори на изборна кампања (ДПА, Коалицијата „Сонце", Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ), други интервјуа не се емитувани, со што не е обезбедена избалансираност.

**Информативни емисии за изборите**: Авторски информативни емисии поврзани со изборите не се емитувани. Под името „Изборна хроника" се емитувани снимки од изјави на Антонио Милошоски, носител на листа од Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ, на Јани Макрадули и Александар Попоски од Коалицијата „Сонце", како и кратки снимки од одржаните средби/митинзи на Колицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ, на Коалицијата „Сонце" и на ПЕИ со жителите на Струга.

**Платено политичко рекламирање:** Преку ТВ Калтрина до своите гласачи преку платени реклами се обратија ДУА (1:53:15), ДПА (1:20:55), ДУИ (1:5:27) и ПЕИ (0:3:41).

### Телевизија Вис - Струмица

**Вести**: Во вестите на Вис, емитувани во периодот од 11 до 30 мај, информациите за текот на кампањата се застапени со време од 1 час 43 минути и 40 секунди, што е под долниот праг на методолошки поставениот минимум за оценување на избалансираноста во вестите.

**Интервју**: Вкупно се емитувани 12 интервјуа, од кои 8 се во продукција на Телевизија Вис, реализирани во рамките на информативните емисии „Ви за ви" и „Гостин во студио", а 4 се преземени, и тоа: 3 од Радио Слободна Европа и едно од Телевизија Канал 5.

Од интервјуата што се производ на информативната редакција на телевизијата, четири се реализирани со претставници на Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ или со претставници на власта од истата коалиција. Три интервјуа се емитувани со претставници на Коалицијата „Сонце", а едно со гостин од редовите на ПЕИ.

Преземеното интервју од Телевизија Канал 5 е она со премиерот емитувано во емисијата „Лејт најт шоу". Притоа не е емитувано целото интервју, туку само дел од него во траење од 45 минути. Преостанатите 3 интервјуа, преземени од Радио Слободна Европа, се со по еден претставник од двете големи коалиции и со Имер Селмани од ДПА. Интервјуто со Селмани е репризирано дополнително.

Непосредно или посредно, простор е отстапен само на четири организатори на изборна кампања. Другите организатори на изборна кампања од 4-тата изборна единица не добија можност преку интервју да ги искажат своите политички ставови.

**Платено политичко рекламирање:** Околу десет часа и 54 минути вкупно време за платено политичко рекламирање, од кое половина за Коалицијата „Сонце" - 5:39:25, малку помалку за Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ - 4:20:15 и 54 минути за ПЕИ.

### Телевизија Интел - Струмица

**Вести**: Во 20-те дена кампања, Интел во своите централни дневно информативни емисии емитуваше прилози за изборите со вкупно времетраење од 1 час и 52 минути, што сепак е недоволно за да се даде веродостојна оцена за избалансираноста во распоредот на времето.

**Интервју**: Пет од вкупно седумте емитувани интервјуа се со претставници на Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ. По едно интервју е реализирано со Зоран Заев од Колицијата „Сонце" и со Зоран Витанов од ПЕИ, и двајцата носители на листи во Изборната единица 4, со што не е обезбедено избалансирано покривање на изборите во делот на интервјуата.

**Платено политичко рекламирање:** На ТВ Интел се рекламираа Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ (5:23:15), Коалицијата „Сонце" (2:7:35) и ПЕИ (1:19:25).

### Телевизија Жупа - Центар Жупа

**Вести**: Во вестите на ТВ Жупа се емитувани прилози за кампањата, речиси 1 час и 31 минута (1:30:55), но ова сепак не е доволно време за да се даде оцена околу рамномерноста во поделбата на времето.

**Интервју**: Емитувани се десет интервјуа преку кои претставници на највлијателните македонски и албански партии во овој мултиетнички регион (ВМРО-ДПМНЕ, СДСМ, ДПА и ДУИ) ги презентираа сопствените идејни платформи, неретко и двојазично. Меѓу нив е емитувано и едно интервју со претставник на ДИК и групно интервју со претставници на ПЕИ.

При реализацијата на интервјуата е следена логиката на моќта на политичкото влијание на одредени политички партии, но не и принципот на пропорционалност.

**Платено политичко рекламирање:** Голем обем на платено политичко рекламно време – 14 часа 48 минути и 5 секунди. Околу половина за Коалицијата предводена од ВМРО- ДПМНЕ, а преостанатите седум часа и 43 минути се распоредени меѓу ПЕИ, Коалицијата „Сонце", ДПА, ПДП и ДУИ.

### Телевизија Ирис - Штип

**Вести**: Изборите беа предмет на медиумски третман во вестите на ТВ Ирис, но сепак, времето од еден час и 41 минута, колку што е издвоено за нив во дневно информативните емисии, прикажани на оваа телевизија во текот на кампањата, остануваат под двочасовниот минимум определен како најмала основа за оценување на избалансираноста.

**Интервјуа**: Осумнаесет интервјуа (некои и репризирани) емитувани во текот на деветнаесет дена од изборната кампања. За овој начин на непосредна медиумска промоција на политичките ставови е користен терминот за емисијата „Актуелности", а емитувани се и изданијата на „Лејт најт шоу" (оригинално емитувана на националната ТВ Канал 5) и на „Јади Бурек", во кои гостува премиерот Никола Груевски. Четири термини за интервју им беа отстапени на претставници од Коалицијата „Сонце", по едно на ПСД (Партијата на слободните демократи) и на СДПМ (Социјалдемократската партија на Македонија), а преку преостанатите десет интервјуа, промоција на политичките ставови им е озвоможена на кандидати за пратеници и на претставници од ВМРО-ДПМНЕ и на нејзините коалициски партнери.

Како што и се очекува, поради нагласениот предизборен контекст репертоарот на темите се сведува на предизборна агитација без разлика на внатрешно-политичките или на меѓународните

димензии на актуелната македонска политика, но беа загатнати и локални теми како и потребата од засилена социо-политичка мотивација за интегрирање на маргинализираните општествени групи.

Во однос на интервјуата, како облик на политичко претставување ТВ Ирис не го испочитува принципот на пропорционалност во презентирањето на сите политички опции од изборната едници во која и самата функционира како медиум.

**Платено политичко рекламирање:** Најголемиот дел од времето за платено политичко рекламирање е на Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ (5:5:13), а застапена е и Коалицијата „Сонце" (1:39:8).

## Телевизија Стар - Штип

**Вести**: ТВ Стар ги обработува изборите во 1 час 26 минути и 50 секунди од прилозите што ги објави во своите вести емитувани од 11 до 30 мај. Ова не е доволна основа за оцена на избалансираноста.

**Интервјуа**: Единаесет интервјуа, шест преземени од емисијата „Јади бурек", а другите пет реализирани под наслов „Ненајавено". Опозициската опција ја застапуваа: Радмила Шеќеринска, Тито Петковски и Маринела Тушева. Во „Јади бурек", на тема Фракциските превирања во НСДП е направено интервју со Лазар Еленовски, а постигнувањата на Владата беа презентирани било преку разговори со активни парламентарни пратеници од ВМРО- ДПМНЕ, било преку функционери и министри, но и преку интервјуто со премиерот Груевски. Опцијата на Партијата на слободните демократи беше претставена преку интервјуто со д-р Венцо Шопов.

Иако мониторингот бележи релативно голем број интервјуа, сепак, ТВ Стар не го испочитува принципот на пропорционалност во презентирањето на сите политички опции од изборната единица во која работи како локален медиум.

**Информативни емисии за изборите**: Емисијата „Ретроспектива" функционира како обид да се соберат сите куси информации или редакциски коментари што имале врска со изборната кампања, но не биле класифицирани во рамките на редовниот термин за вести. Во минутажата за другите информативни програми, мотивирани од Изборите 2008 година, го бележиме и изданието на емисијата „Во центар" (оригинално емитувана на националната ТВ Канал 5), каде што повеќемина новинари од различни македонски медиуми ги анализираат предизборните активности и се обидуваат да ги сумираат последиците од овој централен политички настан.

**Платено политичко рекламирање:** Вкупното време за платени политички реклами изнесува 9 часа 21 минута и 48 секунди. Доминантно учество има Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ – 7:24:2, а присутна е и Коалицијата „Сонце" – 1:57:46.

## 5. ИЗБОРЕН МОЛК

Мониторингот на Советот за радиодифузија, за време на деновите на изборниот молк при гласањето (31 мај и 1 јуни) и при првото прегласување (на 14 и 15 јуни), се спроведуваше согласно со неговата цел – итно да се констатираат прекршувањата на молкот, да се обезбедат докази и да се преземе соодветната законска мерка (веднаш да се извести Агенцијата за електронски комуникации која во рок од 24 часа поведува прекршочна постапка). Во овие два викенда се снимаше програмата на сите медиуми од примерокот, нејзината содржина се оценуваше во однос на Упатството за изборниот молк (наменето и за радиодифузерите и за мониторинг-мрежата на Советот) и беа констатирани повеќе прекршувања[9].

На 31 мај изборниот молк го прекршија МТВ1, МТВ2 – Програма на албански јазик, Македонско радио – Прва програма, ТВ Сител, ТВ Шутел од Скопје, ТВ Здравкин од Велес, ТВ Кисс од Тетово, ТВ Гурра од Кичево и ТВ Нова од Гевгелија.

На 1 јуни, на денот на изборите, молкот го прекршија ТВ Сител, ТВ А1, ТВ Алсат-М, Радио Канал 77, ТВ Скајнет, ТВ БТР и ТВ МТМ од Скопје, ТВ Нова од Куманово и ТВ Кисс од Тетово.

На 14 јуни изборниот молк го прекршија МТВ1, ТВ Алсат-М, Македонско радио - Прва програма и ТВ Кисс од Тетово, а на 15 јуни, на денот на повтореното гласање во некои избирачки места, молкот не го почитуваа МТВ1 и ТВ Канал 5.

За сите овие прекршувања, Советот ја извести Агенцијата за електронски комуникации, која, согласно со Изборниот законик, поведе прекршочни постапки против овие субјекти.

[9] Детали за видовите прекршувања на молкот за секој медиум поединечно се поместени во главата Прилози.

## 6. ПРЕКРШУВАЊА НА РЕГУЛАТИВАТА И ПРЕЗЕМЕНИ МЕРКИ

Во текот на кампањата и за време на изборниот молк беа утврдени повеќе прекршувања и на Законот за радиодифузна дејност и на двете упатства од Советот (за медиумско претставување и за изборниот молк). Меѓу нив најчести беа[10]:

- надминување на дозволениот лимит од 12 минути за политичко рекламирање на реален час;
- одвојување повеќе време од пропишаните осум минути на реален час за политичко рекламирање на еден организатор на изборна кампања;
- злоупотреба на малолетници во политичко рекламирање;
- користење на аналитичкиот жанр интервју за политичко рекламирање;
- несоодветно објавување податоци од испитувања на јавното мислење;
- злоупотреба на програми што не се поврзани со изборите во функција на изборната кампања на некои од организаторите; и
- емитување рекламни пораки на органите на власт.

Заклучно со 11 јуни 2008 година, Советот изрече 44 мерки согласно со Законот за радиодифузна дејност и 133 укажувања согласно со Упатството за медиумско претставување.

Бидејќи речиси на сите медиуми им е изречена мерка и/или укажување, се чини поедноставно е да се издвојат медиумите на кои не им е изречена никаква мерка.

Од оние што ја покриваа кампањата, мерки не им се изречени на радијата Антена 5 и Метрополис, и на телевизиите КТВ 41 од Кавадарци, Боем и Ускана од Кичево, Хана од Куманово, Морис од Охрид, Крт од Скопје, Менада и Супер Скај од Тетово и на Стар од Штип.

Канал 77, Кисс од Тетово и Гурра од Кичево немаа прекршувања на Законот за радиодифузната дејност и на Упатството за медиумско претставување, меѓутоа го прекршија изборниот молк.

Во посебна група се радиодифузерите кои воопшто не ја покриваа кампањата, а тоа се ТВ Алфа и ТВ К15 од Скопје и Арт Канал од Струга, како и ТВ Аниса од Пласница за која беше неможно навреме да се најде соработник за мониторинг, кој би ја следел нејзината програма.

[10] Во заглавието Прилози се дадени описи на прекршувањата за секој медиум поединечно и евиденција за преземените мерки.

# 7. ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Радиодифузерите, чија програма беше предмет на анализа во текот на оваа изборна кампања, на своите гледачи можеа да им ги претставаат кандидатите и нивните програми преку различни облици на изборно медиумско претставување. На располагање им беа претежно информативни жанрови (на пример вести), аналитички жанрови (дебати, интервјуа и сл.), програми што овозможуваат директен пристап на организаторите на изборна кампања до гласачите (платени и бесплатни). Законските и подзаконските акти, и покрај своите слабости, понудија доволно јасна ситуација во поглед на правилата за известување, кои, во комбинација со почитувањето на основните новинарски принципи и стандарди, можеа да обезбедат висок степен на професионализам во покривањето на кампањата. Меѓутоа, по сумирањето на податоците за сите анализирани медиуми се покажа дека радиодифузерите, генерално, не успеаја да ги испочитуваат законските обврски за правично, избалансирано и непристрасно покривање на изборите во нивната вкупна програма. Во вкупната програма посветена на изборите, мошне мал број од нив се придржуваа до принципите за пропорционалност според бројот на утврдени листи на кандидати за пратеници. Фактот што постојат медиуми кои го испочитуваа овој принцип покажува дека тој не е ниту нереален ниту недостижен. Во вестите, непочитувањето на принципот за избалансираност се должи пред сé на драстичните разлики во отстапеното време за партиите и за коалициите кои имаа кампањи со ист или сличен интензитет. Во посебните информативни емисии (интервјуа, дебати и друга информативна програма) главно учествуваа одреден број партии и коалиции. Дебатите се организираа ретко, а интервјуата кај некои локални медиуми беа злоупотребени за политички маркетинг. На овој начин тие постапуваа непрофесионално, поради тоа што итервјуто е аналитички новинарски жанр кој подразбира критичка поставеност на новинарот кон соговорникот и темата. Сосема спротивно на ова, кога интервјуто е нарачано и платено, новинарот служи само како декор и ги поставува прашањата кои му ги наметнал некој друг. Упатството за известување за време на изборниот молк во себе содржи решенија за голем број ситуации, хипотетички или реални (од минатите изборни процеси), во кои би можело да дојде до прекршување. Сепак, мониторингот констатираше повеќе прекршувања на изборниот молк, како во деновите на гласањето така и за време на првото прегласување.

Резултатите од мониторингот на медиумското претставување за Предвремените парламентарни избори 2008 година укажуваат дека сферата на радиодифузијата во Македонија во време на избори константно страда од истите слабости, кои генерално можат да се сместат во две групи – проблеми со законската регулатива и проблеми со нивото на професионалноста кај некои од медиумите.

Првата група произлегува од низа недоречености и лоши формулации во Законот за радиодифузната дејност и во Изборниот законик. Советот веќе неколкупати има посочено дека постапката за изрекување мерки пропишани во Законот за радиодифузната дејност не е целосно функционална, особено во време на избори. Изборниот законик пак, во делот посветен на медиумското претставување е неусогласен со Законот за радиодифузната дејност не само терминолошки, туку и суштински. Колку за илустрација на тежината на проблемот: Изборниот законик го регулира емитувањето платено политичко рекламирање во информативни емисии, вклучувајќи ги и вестите. Законот за радиодифузната дејност (кој е **lex specialis** за оваа област) забранува емитување реклами во вести. Исто така, изборната регулатива предвидува прекршочната постапка за нарушување на изборниот молк да ја поведува Агенцијата за електронски комуникации на барање од Советот, што претставува мешање на ингеренциите на двете регулаторни тела.

Надминувањето на втората група проблеми подразбира поголем напор од радиодифузерите, а кај некои медиуми и сериозно преразгледување на нивото на професионалност и на стандардите врз основа на кои функционираат. Од исклучителна важност е тие да се информираат за суштината на законските и подзаконските акти што ги одредуваат правилата на игра во време на избори и да ги применуваат, како и посериозно да ја сфатат улогата и важноста на медиумите во периодите на изборни кампањи, а особено потребата од уредувачка независност што е основен програмски стандард. На потребата медиумите самите да работат на подигнувањето на нивото на професионализмот укажува и фактот што, меѓу најчестите прекршувања, покрај веќе споменатата злоупотреба на интервјуто, се вбројуваат и непочитувањето на лимитите за политичко рекламирање, злоупотребата на малолетници во политичко рекламирање, злоупотреба на програми што не се поврзани со изборите во функција на изборната кампања на некои од организаторите, емитување рекламни пораки на органите на власт во текот на кампањата и несоодветно објавување податоци од испитувања на јавното мислење. Ова се

прекршувања за кои не може да се обвини законската регулатива зашто за нив таа е јасна и недвосмислена.

Во 2009 година треба да се одржат редовните претседателски и локални избори. Слабостите што треба да се отстранат се лоцирани и јасни. Всушност, тие воопшто не се нови, само се повторуваат во заклучоците од мониторинзите на медиумското покривање на повеќе изборни процеси наназад. Потребно е сите релевантни чинители да го искористат времето пред изборите за конечно да се извршат неопходните и веќе подолго време предлаганите, усогласувања на законските акти, а медиумите да се потрудат да ги почитуваат повеќе.

# П Р И Л О З И

- Повик за одговорно и праведно покривање на изборната кампања за Предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија во 2008 година
- Упатство за медиумско претставување за Предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија во 2008 година
- Упатство за изборниот молк за Предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија во 2008 година
- Одлука на Советот за радиодифузија Бр. 02-938/1 (за дополнително време за емитување платена политичка програма)
- Вести
- Бесплатно претставување
- Платено политичко рекламирање
- Преглед на прекршувањата на изборната регулатива по медиуми
- Преглед на изречените мерки и укажувања
- Преглед на прекршувањата на изборниот молк

## ПОВИК ЗА ОДГОВОРНО И ПРАВЕДНО ПОКРИВАЊЕ НА ИЗБОРНАТА КАМПАЊА

### за Предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија во 2008 година

Со цел да придонесе за слободни, фер и демократски избори, Советот за радиодифузија,

Истакнувајќи ја важната улога на медиумите во едно демократско општество, особено за време на избори;

Почитувајќи ја самостојноста, независноста и одговорноста на радиодифузерите, односно уредниците, новинарите и другите автори при создавањето на програмите и креирањето на уредувачката политика;

Потенцирајќи дека принципот на уредувачка независност на медиумите добива посебно значење за време на избори;

Истакнувајќи дека правото за слобода на изразувањето и на информирањето претставува еден од есенцијалните темели на демократското општество, како и еден од основните услови за неговиот прогрес и развој;

Прифаќајќи дека слободата и непопречувањето на новинарството се содржани во правото за слобода на информирањето и дека тоа е основен предуслов за правото на јавноста да биде информирана за прашањата од јавен интерес;

**ги повикува медиумите** што ќе одлучат да ги покриваат изборите:

1. тоа да го прават на правичен, избалансиран и непристрасен начин во својата вкупна програма, согласно со Законот за радиодифузната дејност, Изборниот законик и Упатствата на Советот за радиодифузија за медиумско претставување и за изборниот молк;

2. на организаторите на кампањата да им овозможат подеднакви услови за пристап до сите облици на медиумско претставување;

3. да не ги користат програмите што не се директно поврзани со кампањата за влијание врз ставот на гласачите.

**ги повикува организаторите на изборна кампања и органите на власт:**

1. да се воздржат од притисоци и од мешање во работата на новинарите и на другите професионалци вработени во медиумите, односно да преземат соодветни мерки за ефикасна заштита на новинарите и на медиумите.

Врз основа на член 37 став 1 точка 5 и член 80 од Законот за радиодифузната дејност ("Службен весник на Република Македонија" бр.100/05 и 19/07) и член 74 став 1, член 76 став 2 и член 77 од Изборниот законик ("Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06), Советот за радиодифузија на Република Македонија, на 12 седница одржана на 18 април 2008 година, донесе:

# У П А Т С Т В О

# ЗА МЕДИУМСКО ПРЕТСТАВУВАЊЕ ЗА ПРЕДВРЕМЕНИТЕ ИЗБОРИ ЗА ПРАТЕНИЦИ ВО СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО 2008 ГОДИНА

## I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со ова Упатство се утврдуваат условите за пристап до облиците на медиумско претставување, должината на траењето на изборното претставување, и принципите за правично, избалансирано и непристрасно покривање на изборите.

Упатството не навлегува во уредувачката политика, самостојноста и независноста на радиодифузерите.

### Поимник

Член 2

Определени поими во ова Упатство го имаат следново значење:

1. Организатори на изборна кампања, за потребите на ова Упатство, се кандидати, политички партии, коалиции или групи избирачи кои ја организираат и/или учествуваат во изборната кампања;
2. Облици на изборно медиумско претставување се: дневно - информативните емисии, програмите што овозможуваат директен пристап на организаторите на изборна кампања до публиката, односно гласачите и посебните информативни емисии;
3. Дневно-информативни емисии се сите изданија на вестите и радио и телевизиските дневници;
4. Директен пристап до публиката, односно гласачите се оние облици на изборно медиумско претставување преку кои организаторите на изборна кампања слободно ги промовираат своите програми, ставови и кандидати, без или со паричен надоместок (бесплатно политичко претставување и платено политичко рекламирање);
5. Бесплатно политичко претставување е директен пристап на организаторите на изборна кампања до публиката, односно гласачите преку кој тие слободно и без паричен надоместок ги промовираат своите програми, ставови и кандидати;
6. Платено политичко рекламирање е директен пристап на организаторите на изборна кампања до публиката, односно гласачите преку кој тие за паричен надоместок ги промовираат своите програми, ставови и кандидати.

Во платено политичко рекламирање спаѓаат: огласи, соопштенија, политички изборни спотови, музички спотови што функционираат како химни на организаторите на изборна кампања, преноси или снимки од митинзи, средби и други настапи на организаторите на изборна кампања;

7. Посебни информативни емисии се: интервјуа, дебати, дуели, информативни програми посветени на изборите и програми наменети за информирање на граѓаните за начинот и техниката на гласањето и за остварувањето на избирачкото право.

### Општи принципи

Член 3

Радиодифузерите, без оглед на јазикот на кој го емитуваат својот програмски сервис, се должни за време на изборната кампања, на организаторите на кампањата да им овозможат подеднакви услови за пристап до сите облици на изборно медиумско претставување, во согласност со ова Упатство.

Член 4

Јавниот радиодифузен сервис и трговските радиодифузни друштва што одлучиле да ги покриваат изборите, тоа треба да го прават на правичен, избалансиран и непристрасен начин во својата вкупна програма.

Член 5

Радиодифузерите ќе овозможат избалансирано покривање на изборите во сите облици на медиумско претставување, со исклучок на платеното политичко рекламирање, почитувајќи го принципот на пропорционалност според бројот на утврдени листи на кандидати за пратеници.

При утврдувањето на избалансираноста на покривањето на изборите ќе се има предвид интензитетот на активностите во рамките на кампањите на организаторите на изборна кампања.

Член 6

За време на изборната кампања учеството на организаторите на изборна кампања, на претставниците на органите на власта и на сите други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во радио и телевизиските програми што не се поврзани со изборите не смее да биде во функција на кампањата.

Член 7

За време на изборната кампања, како и во периодот на изборниот молк, радиодифузерите не смеат да емитуваат платени огласи и реклами чија цел е промовирање на резултатите и активностите на органите на власта, на државните институции и организации и на сите други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања.

Член 8

Уредници, новинари и други лица ангажирани во подготвувањето на програмите не можат да учествуваат во подготовките и реализирањето на изборната кампања.

Доколку се определат за таква активност, тие се должни да престанат да ги вршат своите задачи во радиодифузерот за времетраењето на изборната кампања, како и во деновите на изборниот молк.

Член 9

Јавниот радиодифузен сервис и трговските радиодифузни друштва што ќе ги покриваат изборите со кој било облик на медиумско претставување, се должни да донесат сопствени правила за изборно медиумско претставување.

Правилата за изборно медиумско претставување, радиодифузерите се должни да ги објават на своите програми и да ги достават до Советот за радиодифузија.

Трговските радиодифузни друштва што ќе емитуваат платено политичко рекламирање се должни да усвојат ценовници за платено политичко рекламирање и да ги достават до Советот за радиодифузија.

Радиодифузерите што нема да ја покриваат изборната кампања треба за тоа да го известат Советот за радиодифузија.

Обврските од ставовите 1, 2, 3 и 4 на овој член, радиодифузерите се должни да ги исполнат најдоцна до 5 мај 2008 година.

**Времетраење на изборната кампања**

Член 10

Изборната кампања започнува на 11 мај 2008 година во 00:00 часот, а завршува на 30 мај 2008 година, во 24:00 часот.

Изборната кампања не смее да трае 24 часа пред денот на изборите и на денот на изборите (изборен молк).

**МРТ**

Член 11

Јавниот радиодифузен сервис е должен да ја следи изборната кампања, односно да објавува информации за целината на изборниот процес, за законската регулатива за изборите, за активностите на сите учесници во изборната постапка, како и за текот на гласањето и за резултатите од изјаснувањето на граѓаните.

МРТ има обврска да обезбеди редовно информирање за изборниот процес и на лицата со оштетен слух.

## II. ДНЕВНО - ИНФОРМАТИВНИ ЕМИСИИ

Член 12

Уредувачката одговорност за овие облици на изборно медиумско претставување ја имаат радиодифузерот и одговорното лице во радиодифузерот.

Член 13

При известувањето за текот на изборната кампања во дневно - информативните емисии, радиодифузерот треба да обезбеди избалансирано покривање на активностите на организаторите на изборна кампања, согласно со принципот на пропорционалност утврден во членот 5 од ова Упатство, при што треба да се почитуваат професионалните новинарски принципи и стандарди.

Член 14

Коментарите емитувани во рамките на дневно - информативните емисии мора да бидат одвоени како посебни целини и да бидат означени со името и презимето на авторот, односно како редакциски коментар.

Член 15

Во дневно - информативните емисии емитувани за време на изборната кампања и во периодот на изборниот молк, известувањето за редовните активности на: органите на власта, на државните институции и организации и на правните и на другите лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, не смее да биде во функција на изборната кампања.

## III. ДИРЕКТЕН ПРИСТАП ДО ПУБЛИКАТА

Член 16

За содржината на директниот пристап до публиката се одговорни организаторите на изборна кампања.

За емитувањето на директниот пристап до публиката, односно за почитувањето на одредбите од ова Упатство се одговорни радиодифузерот и одговорното лице во радиодифузерот.

Член 17

Радиодифузерите имаат право да одбијат да емитуваат директен пристап до публиката, доколку е насочен кон насилно уривање на уставниот поредок или кон поттикнување или повикување на воена агресија или разгорување национална, расна, полова или верска омраза и нетрпеливост или доколку во него учествуваат малолетници.

Член 18

Во директниот пристап до публиката не е дозволено да учествуваат малолетници.

### Бесплатно политичко претставување

Член 19

МРТ е должна да емитува и да обезбеди избалансирано време за бесплатно политичко претставување на организаторите на изборна кампања согласно со принципот на пропорционалност утврден во членот 5 од ова Упатство.

Трговските радиодифузни друштва што ќе одлучат да емитуваат бесплатно политичко претставување се должни тоа да го прават на избалансиран начин, согласно со принципот на пропорционалност утврден во членот 5 од ова Упатство.

Член 20

Датумот и редоследот на емитување на бесплатното политичко претставување на организаторите на изборна кампања се утврдува со ждрепка.

Член 21

Бесплатното политичко претставување мора да биде соодветно и видливо означено како "бесплатно политичко претставување" во текот на целото времетраење на емитувањето.

**Платено политичко рекламирање**

Член 22

Јавниот радиодифузен сервис не смее да емитува платено политичко рекламирање.

Член 23

Трговските радиодифузни друштва не смеат да го користат времето за рекламни спотови, телешопинг спотови и за другите форми на рекламирање утврдено со членот 93 став 3 од Законот за радиодифузната дејност, за емитување платено политичко рекламирање.

За време на изборната кампања трговските радиодифузни друштва што одлучиле да ги покриваат изборите, освен дозволените 20% или 12 минути на еден реален час наменети за рекламирање, можат да издвојат дополнителни 20% или 12 минути на еден реален час од својата програма, наменети за платено политичко рекламирање, согласно со Одлуката на Советот бр. 02-938/1 од 15 април 2008 година.

Реален час го подразбира времето што изминува од почетокот до крајот на еден час сметано според часовникот.

Дозволеното време за платено политичко рекламирање за секој реален час емитувана програма не може да се собира, односно не може да се пресметува како вкупно дневно дозволено време според бројот на часови на програмата на трговското радиодифузно друштво.

Член 24

Трговските радиодифузни друштва на организаторите на изборна кампања им го отстапуваат времето за платено политичко рекламирање под еднакви услови за пристап и начин на плаќање.

Член 25

Трговските радиодифузни друштва, на еден организатор на изборна кампања, можат да му отстапат најмногу две третини од времето за платено политичко рекламирање, односно осум минути (8 минути) на еден реален час емитувана програма.

Член 26

Платено политичко рекламирање не смее да се емитува во вести, во други дневно - информативни емисии, во посебни информативни емисии, во детски, училишни и образовни емисии, како и за време на директни преноси на верски, спортски, културни, забавни и други настани.

Член 27

Платеното политичко рекламирање треба да биде соодветно и видливо означено како "платено политичко рекламирање" во текот на целото времетраење на емитувањето и издвоено од другиот дел на програмата и од другите реклами.

## IV. ПОСЕБНИ ИНФОРМАТИВНИ ЕМИСИИ

Член 28

Радиодифузерите кои ќе реализираат посебни информативни емисии треба да обезбедат избалансираност согласно со принципот на пропорционалност утврден во членот 5 од ова Упатство, при што треба да се почитуваат професионалните новинарски принципи и стандарди.

Член 29

Радиодифузерите кои ќе реализираат посебни информативни емисии, треба да обезбедат еднаков третман на сите организатори на изборна кампања што ќе учествуваат во емисиите.

Член 30

Уредувачката одговорност за овие облици на изборно медиумско претставување ја имаат радиодифузерот и одговорното лице во радиодифузерот.

Член 31

Посебните информативни емисии не смеат да се користат како платено политичко рекламирање.

## V. ОБЈАВУВАЊЕ РЕЗУЛТАТИ ОД ИСПИТУВАЊА НА ЈАВНОТО МИСЛЕЊЕ

Член 32

Радиодифузерите, при објавувањето на резултатите од испитувања на јавното мислење, се должни да обезбедат доволно информации врз основа на кои јавноста ќе може да направи процена за веродостојноста на испитувањето, и тоа:

- да го наведат лицето или организацијата која го нарачала и платила испитувањето,
- да го наведат името на институцијата што го извршила испитувањето и применетата методологија,
- да дадат показатели за големината и структурата на примерокот и
- да го наведат датумот, односно периодот во кој е спроведено испитувањето.

Член 33

Резултатите од испитувањето на јавното мислење се објавуваат заклучно со 26 мај 2008 година.

Резултатите од испитувањата на јавното мислење што се спроведуваат на самиот ден на изборите (1 јуни) не смеат да се објавуваат пред 19:00 часот, односно пред затворањето на избирачките места.

Член 34

Радиодифузерите не смеат да објавуваат резултати од други ненаучни и нерепрезентативни сондирања на јавното мислење како што се гласање на гледачи, слушатели или читатели преку телефон (телевоутинг), анкети спроведени на Интернет и анкети спроведени врз нерепрезентативен примерок.

## VI. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 35

Ова Упатство влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 03-1009/1
21.04.2008 година
Скопје

СОВЕТ ЗА РАДИОДИФУЗИЈА

Врз основа на член 37 став 1 алинеја 5 од Законот за радиодифузната дејност ("Службен весник на Република Македонија" бр.100/05 и 19/07) и член 74 од Изборниот законик ("Службен весник на Република Македонија" број 40/06), Советот за радиодифузија на Република Македонија, на 12 седница одржана на 18 април 2008 година, донесе:

# УПАТСТВО
# ЗА ИЗБОРНИОТ МОЛК ЗА ПРЕДВРЕМЕНИТЕ ИЗБОРИ ЗА ПРАТЕНИЦИ ВО СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО 2008 ГОДИНА

Член 1

Со ова Упатство се утврдуваат начинот на известување за време на изборниот молк и облиците на прекршување на изборниот молк во програмите на радиодифузерите.

Член 2

Изборната кампања не смее да трае 24 часа пред денот на изборите и на денот на изборите (изборен молк).

За време на изборниот молк, кој започнува на 31 мај 2008 година во 00:00 часот, а завршува на 1 јуни 2008 година во 19:00 часот, престануваат сите облици на изборно медиумско претставување на организаторите на изборна кампања.

Член 3

При известувањето во деновите на изборниот молк, ќе се смета дека радиодифузерите го прекршиле изборниот молк доколку емитуваат содржини кои претставуваат агитирање, информации поврзани со изборната кампања, рекламни пораки со кои се врши претставување на партиски програми и партиски симболи, при што:

а.) Под "агитирање" се подразбираат:

- Какви било информации, изјави, соопштенија или настапи на кој било кандидат за пратеник, односно организатор на изборна кампања и на нивните штабови;
- Информации, изјави, соопштенија на политичари, на претставници на органите на власта, на државните институции и организации и на правните и на другите лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, како и на други субјекти доколку се во функција на изборната кампања и можат да влијаат врз одлуката на избирачите;
- Какви било облици на известување кои се, отворено или прикриено, во функција на изборната кампања, и можат да влијаат врз одлуката на граѓаните;
- Партиски ознаки, симболи или друг пропаганден материјал, насочени за или против кој било организатор на изборна кампања, односно претставник на органите на власта, на државните институции и организации и на правните и на другите лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања.

б.) Под "информации поврзани со изборна кампања" се подразбираат содржини кои се објавуваат во вестите, дневно - информативните емисии, во посебните информативни емисии или во други програми, а кои се однесуваат на:

- Информации за кој било облик на изборна кампања што се случил до утврдениот рок за почнување на изборниот молк;
- Изјави и соопштенија дадени од или во функција на кандидати за пратеници, односно организатори на изборна кампања или политички партии;
- Информации за активности на претставниците на органите на власта, на државните институции и организации и на правните и на другите лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, како и на други субјекти, а кои се во функција на изборната кампања (пуштање во употреба објекти, промовирање проекти, резултати и постигнувања, во форма на информативни прилози во редовни или специјални емисии и сл.).

в.) Под "рекламни пораки со кои се врши претставување на партиски програми и партиски симболи" се подразбираат сите облици на директен пристап на организаторите на изборна кампања до публиката, односно гласачите без оглед дали е без надомест т.е. бесплатно политичко претставување и/или со надомест т.е. платено политичко рекламирање во кое спаѓаат: огласи, соопштенија, политички изборни спотови, музички спотови што функционираат како химни на организаторите на изборна кампања, преноси или снимки од митинзи, средби и други настапи на организаторите на изборна кампања.

Член 4

Радиодифузерите и за време на изборниот молк продолжуваат да известуваат за настаните од општествениот живот, вклучувајќи ги и изборите како најзначаен политички настан, но притоа мора да водат сметка да не го прекршат изборниот молк поради што, за време на изборниот молк, радиодифузерите не смеат да емитуваат:

- Изјави на кандидатите за пратеници, односно организаторите на изборна кампања, на лидерите на политички партии, на носители на функции во органите на власт и политичари земени при чинот на гласањето, пред 19:00 часот на 1 јуни 2008 година, односно пред затворањето на избирачките места;
- Изјави на граѓани и на други субјекти, земени на денот на изборите, а кои се во функција на изборна кампања, пред 19:00 часот на 1 јуни 2008 година, односно пред затворањето на избирачките места;
- Интервјуа, дебати, дуели и актуелно-информативни емисии во кои учествуваат кандидати за пратеници, односно организатори на изборна кампања (политички партии, коалиции или групи избирачи со потврдени листи на кандидати за пратеници), претставници на органите на власта, на државните институции и организации и на правните и на другите лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања и други субјекти, поврзано со изборната кампања или во функција на изборна кампања;
- Програми што не се поврзани со изборите, се емитуваат во живо, а во кои учествуваат кандидати за пратеници, односно организатори на изборна кампања и/или претставници на органите на власта, на државните институции и организации и на правните и на другите лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања;
- Претходно снимени програми што не се поврзани со изборите, а во кои учествуваат или се појавуваат кандидати за пратеници, односно организатори на изборна кампања и/или претставници на органите на власта, на државните институции и организации и на правните и на другите лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања;
- Музички спотови/музички нумери изведени од естрадни уметници кои во исто време се и кандидати за пратеници.

Член 5

Во текот на известувањето за гласањето и за одвивањето на другите изборни активности, радиодифузерите известуваат и за можните неправилности при гласањето како и за евентуалните инциденти направени во или надвор од гласачкото место при што:

- Радиодифузерите треба за настанот да објавуваат само проверени информации од официјални извори. Кандидатите за пратеници, односно организаторите на изборна кампања и нивните штабови, во смисла на ова Упатство, не се сметаат за официјални извори. Оние елементи на информациите од официјалните извори кои претставуваат кршење на молкот (на пример, откривање на идентитетот на политичките субјекти и/или поединците инволвирани во настанот) не смеат да се објавуваат до затворањето на избирачките места, односно до 19:00 часот;
- Радиодифузерите особено треба да внимаваат на можните злоупотреби, конструираните и неосновани меѓусебни обвинувања од страна на кандидатите за пратеници, организаторите на изборна кампања, политичките партии, изборните штабови и другите субјекти, за да не се случи самите радиодифузери да бидат искористени за вршење кампања на денот на изборите;
- Доколку за настанот постојат изјави и соопштенија добиени од кандидати за пратеници, од организатори на изборната кампања, изборни штабови или претставници на политички партии, истите треба да се емитуваат по затворањето на избирачките места, односно по 19:00 часот.

Член 6

Одредбите од ова Упатство се однесуваат и на објавувањето содржини на телетекстот, на РДС-от или на веб страниците на електронските медиуми.

Член 7

Ова Упатство влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 03-1008/1
21.04.2008 година
Скопје

СОВЕТ ЗА РАДИОДИФУЗИЈА

Врз основа на член 95 од Законот за радиодифузната дејност ("Службен весник на Република Македонија" бр. 100/05 и 19/07), а во согласност со член 11 став 2 и член 19 став 2 алинеја 10 од Деловникот, Советот за радиодифузија на Република Македонија, на 11 седница, одржана на 15 април 2008 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

I. На трговските радиодифузни друштва што одлучиле да ги покриваат изборите, за време на изборната кампања за Предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија во 2008 година, им се дозволува да издвојат дополнителни 20% или 12 минути на еден реален час од својата програма, наменети за емитување платена политичка програма, односно платено политичко рекламирање.

II. Трговските радиодифузни друштва не смеат да го користат времето за рекламни спотови, телешопинг спотови и за другите форми на рекламирање утврдено со членот 93 став 3 од Законот за радиодифузната дејност, за емитување платено политичко рекламирање.

III. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

**Бр. 02-938/1**
**15.04.2008 година**
**С к о п ј е**

**Совет за радиодифузија**
**Претседател**
**Зоран СТЕФАНОСКИ**

# В Е С Т И

Застапеност и директно обраќање на субјектите во вести од 11 до 30 мај 2008 година

**Табела 1. Јавен радиодифузен сервис - телевизија**

| Л | Субјекти | МТВ1 | | МТВ2 - албански јазик | | МТВ2 - турски јазик | |
